# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА
# ЗАКОН ЗА ТУТУН, ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ (*)
**(неофицијална верзија)**

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20, 56/21 и 154/25)

Со овој закон се врши усогласување со ДИРЕКТИВА 2014/40/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 3-ти април 2014 година за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки за производството, претставување и продажба на тутунски и сродни производи и за укинување на Директивата 2001/37/ЕС, CELEX број 32014L0040 и ДИРЕКТИВА 2011/64/ЕУ НА СОВЕТОТ од 21 јуни 2011 година за структурата и стапките на акциза кои се применуваат кај преработен тутун, CELEX број 32011L0064.

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат производството, откупот, обработката и прометот на необработениот и обработениот тутун, производството и прометот на производите од тутун и сродните производи, како и договарањето на производството и откупот на тутунот, регистарот на откупувачи на тутун, начинот на спроведување на испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун, регистарот на производители, извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи, регистарот на марки на производи од тутун и сродни производи, електронски цигари и растителни (билни) производи за пушење, адитиви во производи од тутун, изглед и пакување на производи од тутун и сродни производи, предупредувања и информативни пораки на производи од тутун и сродни производи, финансирањето, контролата на тутунот, производите од тутун, сродните производи и адитивите.

Член 2

Тутун во смисла на овој закон се сметаат лисја добиени од растенија на видот никотиана табакум (Nicotiana tabacum L) во сите форми и фази на производството и обработката (сушење, манипулација, ферментација, пакување и чување) и кој не служи за крајна потрошувачка.

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

**1.** Производи од тутун се производите подготвени од тутун за пушење, тутун за џвакање, тутун за шмркање и несогорлив тутун.

**2.** Сродни производи се производи кои се поврзани со производите од тутун, со електронските цигари, контејнерите за многукратно полнење, течностите што содржат никотин и производите слични на производите од тутун, а кои се изработени од растителни (билни) материјали.

**3.** Пушење е поседување или користење на тутунски производ кој согорува, без оглед дали чадот активно се вдишува или издишува;

**4.** Тутунски чад е чад ослободен од тутунски производ кој согорува при негово користење и чад ослободен од белите дробови за време на пушењето;

**5.** Пури се свитоци од тутун наменети за пушење, со една обвивка или со внатрешна и надворешна обвивка, кои се:

- направени исклучиво од природен тутун,

- со надворешна обвивка од природен тутун или

- свитоци на тутун со иситнето мешано полнење и со надворешна обвивка со кафена боја во сите нијанси, изработена од реконституиран тутун. Единечната маса не е помала од 2,3 g и не е поголема од 10 g, а обемот на производот најмалку на една третина од должината не е помал од 34 mm и тежината по парче е просечната тежина на 1000 парчиња.

**6.** Цигарилоси се свитоци од тутун наменети за пушење, со една обвивка, кои се:

- направени исклучиво од природен тутун или

- свитоци на тутун со иситнето мешано полнење и со надворешна обвивка со кафена боја во сите нијанси изработена од реконституиран тутун, која целосно го опфаќа производот, вклучувајќи, каде што е соодветно и филтерот, но не го обвива усникот (чибук) кај цигарилосите со усник (чибук).

Единечна маса без филтерот или усникот, не е помала од 1,2 g и не е поголема од 3 g и кај кои обемот на производот е поголем од 5 mm, а е помал од 34 mm и тежината по парче е просечната тежина на 1000 парчиња без филтер и додаток за во уста.

**7.** Тутун за луле е тутун за пушење кој може да се консумира преку постапка на горење и кој е наменет исклучиво за користење во луле.

**8.** Тутун за водено луле (наргиле) е тутунски производ за пушење кој може да се конзумира преку водено луле (наргиле). Се состои од тутун со содржина или без содржина на глицерол, ароматични масла и екстракти, меласа или шеќер, ароматитирана или неароматизирана со овошје.

**9.** Реконституиран или хомогенизиран тутун е фолија со дебелина на тутунски лист изработена од тутунска прашина, тутунска ситневина и тутунски ребра поврзани со соодветни скробни лепила.

**10.** Тутунски ребра се главна нерватура (жили) на тутунските лисја кои по соодветна обработка влегуваат во состав на тутунските производи.

**11**. Цигара е ролна од сечен тутун (или тутун и друга материја) што може да се пуши како што е, но што не е пура или цигарилос. Ролната од сечен тутун (или тутун и друга материја) е завиткана во цигарна хартија или вметната во цигарна хартија.

**12.** Тутун за пушење:

- сецкан или на друг начин иситнет, ткаен (развлакнет) или во плочи пресуван тутун кој може да се пуши без натамошна индустриска преработка, кога е наменет за пушење и малопродажба, а не спаѓа во пури и цигарилоси или во цигари;

- фино сецкан тутун за правење цигари кога 25% по маса од парчињата тутун имаат ширина помала од 1,5 мм, како и 25% по маса од парчињата тутун со ширина поголема од 1,5 мм и кој е продаден или наменет да се продаде за правење цигари и

- тутунот за пушење од алинејата 1 на оваа точка ќе се смета како и на друг начин подготвен тутун за пушење, освен фино сецканиот тутун за виткање цигари од алинејата 2 на оваа точка.

**13.** Тутун за самостојно виткање цигари е тутун за пушење кој е изработен со индустриски процес (сечен, сосиран, ароматизиран, пакуван во мали единечни опаковки), наменет да се пушти во легален промет за рачно правење цигари, кои ги изработуваат самите потрошувачи.

**14.** Режан тутун е тутун за пушење кој не е индустриски изработен, служи за рачно правење на цигари и пушење во луле и кој е наменет да се пушти во нелегален промет.

**15.** Тутун без чад е производ кој при конзумирање не согорува, вклучувајќи го тутунот за џвакање, тутун за шмркање и тутунот за орална употреба.

**16.** Тутун за шмркање е тутун во форма на прав или во форма на зрнца кој не е соодветен за пушење туку е за шмркање.

**17.** Тутун за џвакање е тутун во форма на стапчиња, коцки, кругчиња или фолии кои се така подготвени да не се соодветни за пушење туку за џвакање.

**18.** Тутун за орална употреба ги опфаќа сите производи од тутун, наменети за шмркање или џвакање, направени целосно или делумно од тутун, во форма на прашок или во форма на парчиња или во каква било комбинација на тие форми, особено оние што се нудат во пакувани ќеси или порозни ќеси, или во форма слична на прехранбени производи.

**19.** Несогорлив тутун е вид на производ од тутун кој се користи со помош на уред во кој тутунот се загрева, не согорува, а се инхалираат продуктите кои испаруваат при загревањето.

**20.** Електронска цигара е производ кој може да се користи за консумирање на пареа која содржи никотин преку усник (чибук) или било каков друг составен дел на тој производ, вклучувајќи влошка, резервоар и апарат без влошка и резервоар. Електронските цигари можат да бидат потрошни (за една употреба) или цигари кои повторно се полнат преку резервоарот за повторно полнење или кои можат повторно да се полнат со помош на влошки за еднократна употреба. Електронските цигари се разликуваат од производите од тутун со тоа што не содржат тутун.

**21.** Контејнер за повеќекратно полнење е сад со течност, независно дали содржи или не содржи никотин, кој може да се користи за полнење на електронската цигара.

**22.** Растителни (билни) производи за пушење се производи изработени од исушени делови на растенија или овошја, кои не содржат тутун, а може да се консумираат по пат на постапка на согорување или загревање.

**23.** Катран е дехидриран суров кондензат од чадот, кој не содржи никотин.

**24.** Никотин е никотински алкалоид.

**25.** Јаглероден моноксид е токсичен гас кој е составен дел од чадот што се јавува при пушењето.

**26.** Адитив на производот од тутун е секоја супстанца освен тутунот која се додава на производот од тутун со цел за подготовка, третман, преработка и пакување со намера да се влијае на органолептичките, хемиските, физичките и микробиолошките карактеристики на производот.

**27.** Пакување е единечна кутија или опаковка во која се продава производот од тутун, не земајќи ја предвид проѕирната опаковка.

**28.** Необработен тутун е тутун во листови, исушен, индустриски необработен и кој не може да се употреби за производство на тутунски преработки, а според начинот на кој е изведено сушењето се групира на:

- тутун сушен во посебни објекти со контролирана циркулација на воздух, температура и влажност (flue – cured);
- светол тутун сушен под сенка (light air – cured);
- темен тутун сушен под сенка (dark air – cured);
- тутун сушен на сонце (sun – cured) и
- тутун сушен на оган согласно царинската тарифна ознака 2401 (fire – cured).

**29.** Јарма бала е паковна единица од необработен тутун, спакуван во обвивка од конопено или памучно платно.

**30.** Картонска кутија е паковна единица на необработен тутун и/или обработен тутун.

**31.** Дара е тежина на амбалажниот материјал (обвивка од конопено или памучно платно или картонска кутија) која се одбива од вкупната тежина на паковната единица.

**32.** Ферментиран тутун е полуфабрикат кој се добива под дејство на надворешни (температура, релативна влага, аерација) и внатрешни (тутунски ферменти), фактори од моментот на изумирање на клетката кај тутунскиот лист.

**33.** Тонга бала е паковна единица од индустриски класи на необработен или обработен тутун во лист, спакуван во обвивка од конопено или памучно платно или картонска кутија.

**34.** Тутунско семе е орган за размножување и е наменето за производство на тутун по пат на генеративно размножување.

**35.** Пелетирано (пилирано) тутунско семе е семе специјално обработено и обложено со материја.

**36.** Производство на тутун е производство на тутунски расад, расадување, одгледување на тутунски растенија на нива, откинување на лисјата од растенијата, сушење на тутунските лисја и примарна (домашна) манипулација на исушениот тутун.

**37.** Откуп на тутун е процена и преземање на исушениот тутун (исушен на начин дефиниран во точка 26), во соодветни простории, со опрема и услови предвидени со овој закон.

**38.** Проценител на тутун е лице кое поседува лиценца за процена на тутун, и самостојно врши процена на тутунот при откупот.

**39.** Највисока асоцијација на тутунопроизводители е репрезентативен сојуз на здруженија на производителите на тутун кој е овластен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на начин и услови согласно овој закон.

**40.** Обработен тутун претставува:

а) за ориенталски и полуориенталски тутуни-цели суви листови кои се индустриски манипулирани во трговски класи и/или се ферментирани (сезонски, вонсезонски, ридраинг и софтдраинг постапка) и задолжително мораат да бидат пакувани во тонга бали или картонски кутии;

б) за крупнолисни тутуни-суви листови во делови, кои по сушењето и/или ферментацијата на целите листови, се индустриски оджилени/стрипсирани (оголени), потсечени, кршени или исечкани (вклучувајќи исечкани делови во различна форма, но не и готов тутун за пушење), класирани во индустриски класи и пакувани во тонга бали или картонски кутии;

в) тутунски ребра-добиени по оджилувањето од листовите на крупнолисните типови тутун;

г) тутунско фолио (реконструиран тутун)-добиен со индустриски процес од тутунски отпадоци и служи како суровина за изработка на производи од тутун и сродни производи и

д) Експандиран тутун (Expanded tobacco) или пафингиран тутун (Puffed tobacco) е индустриски обработен тутун чија што структура на листот и големината на честичките е зголемена со специјална обработка која се состои од комбинација на топлина, обработка со висок притисок и средство за експанзија. Се користи во тутунската мешавина заедно со останатите тутуни, при изработката на цигарите, со цел да се намали содржината на катран и никотин во чадот.

ѓ) обработен тутун од точките в), г) и ѓ) може да биде и третиран (сосиран или натопен) со течност со соодветен состав, главно со цел да се спречи мувлосувањето и потсушувањето во текот на складирањето и транспортот и да се зачува миризливоста.

**41.** Обработка на тутун е индустриска манипулација и ферментација (сезонска, вонсезонска, ридраинг и софтдраинг постапка) за добивање на обработен тутун.

**42.** Промет на необработен тутун во смисла на овој закон е увоз на необработен тутун наменет за обработка.

**43.** Промет на обработен тутун е купопродажба на домашен пазар, извоз и увоз на обработен тутун.

**44.** Производство на производи од тутун е индустриска постапка за производство, пакување на производите направени од тутун, кои се наменети за пушење, џвакање и шмркање.

**45.** Произведена партија на производи од тутун е количество на производи од тутун од една иста трговска марка кои се произведени во текот на едно тромесечие од страна на регистриран производител на производи од тутун.

**46.** Увезена партија на производи од тутун е количество на производи од тутун од една иста трговска марка со исто потекло и се увезени во текот на едно тромесечие од страна на еден регистриран увозник на производи од тутун.

**47**. Промет на производи од тутун и сродни производи е извоз, увоз, продажба, како и секоја друга активност за промет на производи од тутун.

**48.** Следливост е постапка со која се следи и проверува тутунот, адитивите или штетните супстанции кои ги има или е очекувано да бидат вградени во производите од тутун преку сите фази на производство, промет и дистрибуција.

**49**. Квалитет на тутун е збир од позитивни физички, хемиски и дегустативни карактеристики. Од физичките карактеристики како поважни се бојата, содржајноста, миризливоста, инсерција, големината на листовите, тип на тутун, и класа. Од хемиските како поважни се: содржината на никотин, шеќери, полифеноли, белковини, минерални материи. Од дегустативните својства од особена важност се: аромата, вкусот и јачината кои се чуствуваат при пушењето и согорливоста.

**50.** Квалитет на производи од тутун е збир од позитивни хемиски и дегустативни карактеристики. Од хемиските карактеристики како поважни се: хемискиот состав на полнежот на тутунскиот производ (главно содржината на никотин, шеќери, полифеноли, белковини, минерални материи), хемискиот состав на тутунскиот чад (никотин, катран, јаглероден моноксид), дегустативни карактеристики (аромата, вкусот, иритација, физиолошка сила-јачина кои се чуствуваат при пушењето и согорливоста).

**51.** Контрола на тутун, производи од тутун и сродни производи е утврдување на присуството на штетни материи и други загадувачи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки) од аспект на обезбедување на квалитет и безбедност на истите.

**52.** Мониторинг е редовно (планирано) набљудување и бележење на активности кои се одвиваат во производството и обработката на тутунот и производите од тутун, од страна на надлежни државни органи согласно овој закон.

**53.** Контаминент е секоја супстанца и/или материјал од хемиска, биолошка или физичка природа, што ненаменски е присутна во тутунот и производот од тутун како резултат на производство, сушење, преработка и пакување вклучувајќи го и загадувањето од животната средина.

**54.** Хемиски контаминенти во тутунот и производот од тутун се: пестициди и нивни остатоци (хербициди, инсектициди, фунгициди, родентициди, лимациди).

**55.** Физички контаминенти во тутунот и производот од тутун се: различни остатоци од органско и неорганско потекло (слама, текстил, пердуви, дрво, пластика, стакло, метал, неживи инсекти и делови од нив), како и контаминација со радиоактивни честички кои предизвикуваат различно јонизирачко зрачење.

**56.** Биолошки контаминенти во тутунот и производот од тутун се: живи инсекти, нивните ларви како и присуство на микроорганизми кои предизвикуваат загадување.

**57.** Ароматична материја значи адитив кој се додава во производот и со кој се делува на миризбата и/или вкусот на производот.

**58**. Карактеристична арома значи јасно приметлив мирис и вкус, освен тутунскиот, кој е резултат од адитивите или комбинациите од адитиви, вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на, аромата на овошје, зачини, билки, алкохол, слатки, ментол или ванила, која се приметува пред или за време на консумирањето на производот од тутун;

**59.** Нетутунски материи при откупот на тутунот се различни остатоци од органско и неорганско потекло (слама, текстил, пердуви, дрво, пластика, стакло, камен, метал, неживи инсекти и делови од нив).

**60.** Примерок за анализа е количество од тутун и производ од тутун земен за вршење на анализа.

**61.** Мостри тутун се репрезентативни примероци на тутун по типови и класи согласно со мерилата за квалитативна и квантитативна процена на тутунот.

Член 4

Тутунот, производите од тутун и сродните производи може да се произведуваат, откупуваат, обработуваат, евидентираат и ставаат во промет согласно одредбите на овој закон.

За се што не е уредено со овој закон важат одредбите од Законот за трговија, Законот за облигациони односи и Царинскиот Закон и други закони со кои се уредуваат односите во прометот.

Член 5

Поимите дефинирани согласно член 3 на овој закон ќе бидат употребени за определување на надоместок кој ќе се применува кај различните групи на производи во согласност со Законот за акцизите.

Член 6

Одредбите на овој закон не се однесуваат на зелени делови од тутунското растение, необработен или обработен тутун наменети за наставно-научни цели и за сопствените потреби на правните лица кои се запишани во Регистарот на откупувачи на тутун и во Регистарот на производители и увозници на производи од тутун во количини не поголеми од 3 килограми (лабораториски истражувања, анализи, тестирања, опити и експерименти), за саемски манифестации и за трговски изложби.

Одредбите на овој закон не се однесуваат на производи од тутун и сродни производи наменети за наставно-научни цели и за сопствените потреби на правните лица кои се запишани во Регистарот на откупувачи на тутун и во Регистарот на производители и увозници на производи од тутун и сродни производи за лабораториски истражувања, анализи, тестирања, опити и експерименти, за саемски манифестации и за трговски изложби.

## II. ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУН

Член 7

Производители на тутун во смисла на овој закон се носители на земјоделско стопанство кои се евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (во понатамошен текст: ЕРЗС) и имаат договор за производство и откуп на тутун склучен со правен субјект регистриран за откуп и обработка на тутун (откупувач).

За производство на тутун за потребите на наставно-научните институции од областа на биотехничките науки не се склучува договор.

Во случај на промена на претходно пријавените податоци во ЕРЗС, производителот е должен пред склучувањето на договорот за производство на тутун, да ги обнови податоците, согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

Член 8

Откупувачот со склучувањето на договорот од членот 7 став 1 на овој закон, е должен веднаш, во електронска форма да ги внесе потребните податоци од ставот 5 на овој член за договореното производство на тутун во електронскиот систем од член 10 од овој закон.

Со внесување на податоците од ставот 1 на овој член се пријавува договореното производство на тутун од тековната реколта во електронскиот систем од член 10 од овој закон.

Откупувачот е должен по завршувањето на крајниот рок од склучувањето на договорите, до подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одговорна за подрачјето на производство, во рок од 10 работни дена, да достави список на сите склучени договори во електронска форма и по еден примерок од секој склучен договор.

Откупувачот е должен да пријави во електронскиот систем од членот 10 на овој закон било какви промени во договореното нивско производство, односно целосна или делумна промена на пријавените катастарски парцели како и соодветна корекција во договорените количини на тутун до крајот на јули во тековната година.

Видот на податоците од членот 7 став 3 од овој закон и став 3 од овој член, начинот на запишување, промената, бришењето, потребната придружна документација за запишување, начинот за ракување, употребата, објавувањето и чувањето на податоците од системот на член 10 на овој закон ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 9

Наставно-научните институции од член 7 став 2 на овој закон произведеното количество на тутун можат да го дадат на продажба на регистрирани откупувачи на тутун со меѓусебна спогодба, а остварените средства да бидат приход на наставно-научните институции од областа на биотехничките науки.

Наставно-научните институции од областа на биотехничките науки го пријавуваат производството, површините, типовите тутун, очекуваното производство на тутунско семе и необработениот тутун до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Наставно-научните институции од областа на биотехничките науки пријавувањето на производството, површините, типовите тутун и очекуваното производство на тутунско семе го вршат согласно Законот за семенски и саден материјал.

Наставно-научните институции од областа на биотехничките науки производството, површините, типовите тутун и очекуваното производство на необработениот тутун го вршат со пријава на производство најдоцна до 30 јуни во тековната година.

Формата и содржината на образецот на пријавата, како и начинот на доставување на пријавата од став 4 на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 10

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води информативен систем за евиденција на тутун (во понатамошен текст: ИСЕТ) за пријавени, евидентирани, договорени површини и количини и откупени количини тутун по производители, откупувачи, по типови и класи на тутун, по реколти поединечно, увезени количини необработен тутун, како и обработка на податоци и анализи.

Минимално техничките стандарди и услови кои треба да ги исполнуваат опремата, хардверот и функционалноста на софтверот за електронскиот систем од ставот 1 на овој член, начинот на користење, одржување и надградба на електонскиот систем ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 11

Производителите на тутун се должни да употребуваат сертифициран семенски материјал од откупувачите на тутун, а обезбеден од регистриран снабдувач на семенски материјал од тутун согласно Законот за семенски и саден материјал.

Откупувачот на тутун е должен да обезбеди сертифициран семенски материјал од тутун од регистриран снабдувач на семенски материјал од тутун, согласно Законот за семенски и саден материјал, според договорените површини, во количина најмалку од 90 г./ха за ориентален тутун, од 40 г./ха за полуориентален тутун и од 20 г./ха за крупнолисни сорти на тутун, а за пелетрирано семе во количина најмалку 250 г./ха за ориентален тутун, 90 г./ха за полуориентален тутун и 40 г./ха за крупнолисни сорти на тутун.

Откупувачот на тутун може да обезбеди и тутунски расад соодветно на договорените површини со производителите на тутун.

Откупувачот на тутун со семенскиот материјал обезбеден согласно ставот 2 на овој член може да организира производство на расад самостојно или во соработка со регистрираниот производител на тутунски расад согласно Законот за семенски и саден материјал.

Откупувачот на тутун за издадениот семенски материјал на производителите на тутун им издава документ со датум и потпис потпишан од договорените страни во кои се наведени количеството, типот и сортата на тутун.

За издадениот семенски материјал и/или расад, откупувачот на тутун составува список по производители.

Откупувачот на тутун е должен репроматеријалот (семенски материјал и производи за заштита на растенија во расадопроизводство), да им ги обезбеди без надоместок на тутунопроизводителите, најдоцна до 31 март во тековната година.

Член 12

Производителот на тутун е должен, целокупниот произведен тутун да го продаде на откупувачот на тутун со кој склучил писмен договор за производство и откуп на тутун, а откупувачот на тутун е должен да го откупи истиот, под условите предвидени со договорот.

По исклучок од ставот 1 на овој член производителот на тутун може да го продаде тутунот на друг откупувач на тутун ако договорот е раскинат под условите предвидени со овој закон.

## III. ДОГОВОР ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ОТКУП НА ТУТУН

Член 13

За производство и откуп на тутун, производителот на тутун склучува договор со откупувачот на тутун.

За производство и откуп на тутун за една производна година, за иста површина и производство, производителот на тутун не може да склучи договор со повеќе откупувачи на тутун.

Откупувачот на тутун е должен содржината на договорот јавно да ја објави најдоцна до 28 февруари во тековната година на огласна табла во седиштето на откупувачот на тутун и на локалната веб страната на откупувачот доколку истата постои.

Откупувачот на тутун е должен содржината на договорот да ја достави до највисоката асоцијација на тутунопроизводители кои ја објавуваат на својата огласна табла и на својата веб страна доколку истата постои.

Член 14

Договорот од член 13 став 1 од овој закон се склучува во писмена форма.

Пред склучувањето на договорот, откупувачот на тутун е должен да побара писмено мислење за содржината на договорот од највисоката асоцијација на тутунопроизводителите, најдоцна до 20 февруари во тековната година.

Највисоката асоцијација на тутунопроизводителите е должна да достави мислење до откупувачот на тутун во рок од пет дена од денот на приемот на содржината од договорот.

Доколку највисоката асоцијација на тутунопроизводители не се произнесе во рокот од ставот 3 на овој член, ќе се смета дека нема забелешки по содржината на договорот.

Откупувачот на тутун не смее да склучува договор за количини на тутун за кои производителот на тутун има склучено договор со друг откупувач на тутун за една производна година, за иста површина и производство, освен во случаите предвидени со член 12 став 2 од овој закон.

Откупувачот не смее да склучува договор за количини на тутун за кои призводителот има склучено договор со друг откупувач за една производна година и едно исто производство.

Откупувачот склучува договор со производителот за еден или повеќе типови тутун.

Договорот од став 1 на овој член се склучува најдоцна до 31 март во тековната година.

На договорот од став 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи доколку поинаку не е определено со овој закон.

Доколку над откупувачот на тутун со кој бил склучен договорот за откуп е отворена постапка за стечај, постапка за ликвидација, е избришан од регистарот на откупувачи на тутун или не обезбедил средства за откуп на тутун согласно овој закон, производителот на тутун може да склучи нов договор со друг откупувач на тутун по истекот на рокот од ставот 7 на овој член.

Член 15

Договорот за производство и откуп на тутун ( во натамошниот текст: договор) особено содржи:

- податоци за договорните страни,

- предмет на договорот (податоци за тип и сорта на тутун, површина и количина по катастарски парцели),

- откупна цена на тутунот по класи,

- времетраење на договорот,

-можност за откуп на вишок на производство на договорените површини повеќе од количеството наведено во договорот,

- права и обврски на договорните страни,

- обврска за исплата на надоместокот за организирањето и застапувањето на претставникот од највисоката асоцијација на тутунопроизводители при откупот на највисоката асоцијација на тутунопроизводители,

- начин и рок на исплата на откупениот тутун,

- одредби за еднострано раскинување на договорот,

- одредби за евентуално пренесување на договорот на друг субјект,

- одредби за евентуално обезбедување и исплата на тутунски расад согласно член 11 став 4 на овој закон,

- место и време на склучување на договорот,

- висината на авансот, начинот на авансирање и рок на враќање на авансот во случајот од член 16 на овој закон,

- заштита на тутунскиот расад од болести, штетници и плевели, согласно член 11 став 7 на овој закон и во согласност со прописите за добра земјоделска пракса и

-заштита на тутунот на нива од болести, штетници и плевели во согласност со прописите за добра земјоделска пракса.

Член 16

За договореното производство од тековната реколта, на производителот на тутун му се дава аванс од откупувачот на тутун кој може да биде во репроматеријали, земјоделски машини и други средства и опрема и/или финансиски средства.

Висината на авансот за договореното производство од тековната реколта не може да биде пониска од 15% од вредноста на количеството на засадениот од договорениот тутун за откуп, сметан според просечната откупна цена за договорениот тип постигната во последните три години на ниво на државата.

Авансот од ставот 1 на овој член се засметува и одбива при исплатата на откупениот тутун.

Доколку дојде до раскинување на договорот согласно овој закон, производителот кој примил аванс должен е истиот да го врати на откупувачот во соодветна противвредност во рок утврден со договорот.

Член 17

Договорот се склучува за годишната реколта, а може да биде склучен и за повеќе производни години.

Доколку договорот е склучен за повеќе производни години, правата, обврските и другите прашања се уредуваат со анекс на договорот за секоја производна година.

Член 18

На договорот за производство и откуп на тутун може да се вршат измени и дополнувања со склучување на анекс на договор.

Измени и дополнувања на договорот од ставот 1 на овој член може да се вршат особено ако настанат промени на предметот на договорот поради отстранување на нови настанати околности во производството и откуп на тутун, заради отстранување на грешки во податоците од договорот и други непредвидени причини, односно околности.

Анекс на договорот од ставот 1 на овој член се склучува на ист начин и форма како и основниот договор.

Член 19

Во случај на смрт, болест, подолготрајно отсуство, правосилна судска одлука, договор за физичка делба или бришење на производителот од единствениот регистар на земјоделски стопанства, кога производителот на тутун објективно не може да го организира и извршува производството на тутун, договорот за производство и откуп на тутун може да се пренесе.

Во случај кога над откупувачот на тутун е отворена постапка за стечај, постапка за ликвидација, избришан од регистарот на откупувачи на тутун или не обезбедил средства за откуп на тутун согласно овој закон, производителот на тутун може да го пренесе договорот на друг откупувач на тутун.

Во случаите од ставот 1 на овој член во договорот за производство и откуп на тутун се врши промена на страната на производителот на тутун и правата и обврските од договорот се пренесуваат на друг член на семејството на производителот на тутун.

Во случаите од ставот 2 на овој член во договорот за производство и откуп на тутун се врши промена на страната на откупувачот на тутун и правата и обврските од договорот се пренесуваат на друг откупувач на тутун.

Член 20

Преносот на договорот за производство и откуп на тутун на страната на производителот на тутун и откупувачот на тутун е можна ако е направена во согласност со Законот за облигационите односи.

Член 21

Преносот на договорот за производство и откуп на тутун се евидентира во електронскиот систем од член 10 на овој закон.

Член 22

Преносот на договорот направен од производителот на тутун и откупувачот на тутун е полноважен, ако со тоа се согласи страната која останува во договорот.

Доколку постојат повеќе правни следбеници, односно наследници преносот на договорот се склучува по претходно приложена спогодба од правните следбеници, односно наследници.

Согласноста за преносот на договорот е полноважна, ако е дадена во писмена форма и заверена на нотар од страна на правниот наследник или наследниците.

Член 23

Договорот за производство и откуп на тутун престанува со:

- исполнување на договорот,
- истекот на времето на кое е склучен,
- спогодбено меѓу договорните страни,
- со отварање на стечајна или ликвидациона постапка на откупувачот на тутун,
- со бришење на откупувачот на тутун од регистарот на откупувачи,
- еднострано раскинување,
- по сила на законот.

Член 24

Производителот на тутун и откупувачот на тутун може еднострано да го раскинат договорот под услови и на начин определени во истиот со отказен рок од седум дена.

Производителот на тутун еднострано може да го раскине договорот и доколку откупувачот на тутун нема обезбедено средства за откуп на тутун согласно овој закон.

Во случајот од ставот 2 на овој член Државниот инспекторат за земјоделство доставува писмено известување до највисоката асоцијација на тутунопроизводители.

Највисоката асоцијација на тутунопроизводители дава јавно соопштение со кое тутунопроизводителите ќе бидат известени за новонастанатата ситуација.

Откупувачот на тутун кој ги превзел договорите е должен податоците за раскинувањето на договорот и склучувањето на новиот договор да ги внесе во ИСЕТ.

Член 25

Евентуално настанатата штета во случај на еднострано раскинување на договорот се надоместува според општите правила за одговорност на штетата.

## IV. РЕГИСТАР НА ОТКУПУВАЧИ, ОТКУП И ОБРАБОТКА НА ТУТУН

Член 26

Откуп и обработка на тутун можат да вршат трговски друштва (во понатамошен текст: откупувачи на тутун) чија приоритетна дејност е трговија на големо со суров тутун и/или производство на тутунски производи, кои се запишани во Регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Регистарот на откупувачи на тутун се води во електронска форма.

Откупувачите на тутун се должни во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство без одложување да ја пријават секоја промена на името, адресата, седиштето или дејноста и да доставаат барање за вршење увид на ново настанатата

промена со доказ од Централен регистар на Република Северна Македонија за настанатата промена.

Овластеното службено лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое ја води постапката за упис во регистарот на откупувачи на тутун е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 3 на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на доказот од Централниот регистар на Република Северна Македонија и да достави барање до Државниот инспекторат за земјоделство да изврши увид во новонастанатата промена.

Овластеното службено лице од Централниот регистар на Република Северна Македонија е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 4 на овој член да го достави бараниот доказ до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Инспекторот од Државниот инспекторат за земјоделство е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за вршење на увид од ставот 4 на овој член да изврши увид и да достави записник до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од став 3 на овој член донесува решение за упис на промените во регистарот на откупувачи, односно решение за одбивање на барањето.

Листата на откупувачите од Регистарот на откупувачи на тутун се објавува на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Против решението на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за одбивање на барањето од став 7 на овој член, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Содржината и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 27

Правното лице кое се запишува во регистарот на откупувачи на тутун треба да располага со:

- просторија за откуп во сопственост или со договор за закуп од најмалку три години,

- простории за сместување на откупениот тутун во сопственост или со договор за закуп од најмалку три години,

- соодветна опрема за индустриска обработка на тутун сместена во просторијата за индустриска обработка на тутун во сопственост, со договор за закуп или договор за услуги од најмалку три години,

- соодветен простор за сместување на обработениот тутун во сопственост или со договор за закуп од најмалку три години,

- вработени лица: најмалку едно лице со високо образование од областа на растителната биотехнологија (поледелство, производство и преработка на тутун или

преработка на земјоделски-растителни производи) и најмалку едно лице со средно образование на неопределено работно време, од областа на растителната биотехнологија како и од областа на производство и обработка на тутун,

- бизнис план во кој ќе се содржат податоци и пресметки за планираните површини и количини на тутун во првата производна година, со образложение за обезбедување на условите пропишани со овој закон, како и условите од алинеите 1, 2, 3 и 4 на овој член и

- финансиски документ за обезбедени средства за најмалку половина од планираната количина на тутун за првата производна реколта во висина на просечната откупна цена по килограм на ниво на државата од минатите три реколти за соодветните типови на тутун.

Член 28

Правното лице за упис во регистарот на откупувачи на тутун согласно членот 27 на овој закон треба да поднесе барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со следната документација:

-имотен лист или договор за закуп за просторијата за откуп;

-имотен лист или договор за закуп од најмалку три години, за простории наменети за сместување, чување и индустриска обработка на тутун, како и соодветени простории за сместување на обработениот тутун;

-доказ дека располага или користи на услуга соодветна опрема за откуп и индустриска обработка на тутун сместена во просторијата за индустриска обработка на тутун;

- тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија за вршење приоритетна дејност трговија на големо со суров тутун;

- образец М1/М2 за вработени лица од Агенцијата за вработување како доказ дека има вработено најмалку едно лице со високо образование и најмалку едно лице со средно образование;

- документ дека има вработено најмалку едно лице со високо образование од областа на растителната биотехнологија (поледелство, производство и преработка на тутун или преработка на земјоделски-растителни производи) и најмалку едно лице со средно образование од областа на растителната биотехнологија како и од областа на производство и обработка на тутун ;

- потврда издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија дека не е отворена постапка за ликвидација или стечајна постапка и

- бизнис план согласно член 27 став 1 алинеја 6 од овој закон и изјава на одговорното лице во правното лице заверена на нотар дека ќе ги откупи количините на тутун што планира да ги договори.

Овластеното службено лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое ја води постапката за упис во регистарот на откупувачи на тутун е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 1 на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на документите од ставот 1

алинеи 3 и 6 од овој член од надлежниот јавен орган, а кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од членот 27 на овој закон.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите од ставот 2 на овој член е должно да ги достави бараните документи во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Инспекторот од Државниот инспекторат за земјоделство е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член да изврши увид и да достави записник до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа записникот од став 4 на овој член и претходно доставената документација од став 1 на овој член донесува решение за упис во регистарот на откупувачи на тутун, односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Против решението на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за одбивање на барањето од став 4 на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, како и потребната документација од овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 29

Откупувачот на тутун запишан во Регистарот на откупувачи на тутун покрај условите предвидени од член 27 став 1 алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 од овој закон за склучување на договор за производство и откуп на тутун за тековната реколта треба да обезбеди и:

- доказ за обезбеден семенски материјал за договорени површини на тутун согласно член 11 став 2 од овој закон и согласно Законот за семенски и саден материјал и

- извештај за исплатени финансиски обврски за откупениот тутун од претходната реколта и намирените обврски согласно со членот 37 од овој закон до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 15 март во тековната година.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ги пропишува условите од член 27 став 1 и од ставот 1 на овој член.

Член 30

Откупувачот на тутун е должен пред откупот на тутунот од тековната реколта, а најдоцна до 1 ноември да ги пријави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Државниот инспекторат за земјоделство и да ги внесе во ИСЕТ локациите на сите простории за откуп во кои ќе се врши откуп на тутун заради вршење увид за исполнување на условите согласно овој закон.

Откупувачот на тутун по исклучок од ставот 1 на овој член може дополнително да пријави простории за откуп во случаи кога некој од откупувачите на тутун не е во можност да го откупи договореното производство согласно овој закон.

Откупувачот на тутун е должен да отвори простории за откуп во населени места каде договорил производство над 100 тони тутун.

Член 31

Откупувачот на тутун е должен пред почетокот на откупот на тутун да обезбеди финансиски документ за обезбедени средства за целокупната договорена количина на тутун од тековната реколта во висина на просечната откупна цена по килограм на ниво на државата од минатите три реколти за соодветните типови на тутун.

Со финансискиот документ откупувачот на тутун е должен да обезбеди динамика на прилив на средствата за време на откупот на тутунот, односно тоа може да бидат:

- финансиски средства на посебна наменска жиро сметка и изјава од одговорното лице на откупувачот дадена под материјална и кривична одговорност заверена кај нотар дека целокупната договорена количина на тутун ќе ја исплати на тутунопроизводителите и дека средствата од наменската сметка исклучиво ќе се користат за исплата на договорениот тутун или

- финансиски средства наменети исклучиво за откуп на целокупната договорена количина на тутун по основ на договори за кредит од банка со динамика на прилив согласно динамиката на откуп на тутунот и изјава од одговорното лице на откупувачот дадена под материјална и кривична одговорност дека финансиските средства одобрени со договорот за кредит се веродостојни и исклучиво ќе бидат наменети за исплата на откупениот тутун.

За обезбедените средства и динамиката на прилив согласно ставот 2 на овој член откупувачот на тутун е должен најдоцна пет работни дена пред почетокот на откупот на тутун писмено да ги извести Државниот инспекторат за земјоделство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку откупувачот на тутун превзема тутун од производители на тутун кои имале претходно склучени договори со откупувач на тутун кој е избришан од регистарот на откупувачи на тутун должен е да обезбеди дополнителни финансиски средства согласно ставовите 1 и 2 на овој член за дополнително планираната количина на тутун пред почетокот на откупот на дополнителните количини на тутун.

За обезбедените средства согласно ставот 4 на овој член откупувачот на тутун е должен најдоцна три дена пред почетокот на откупот на тутун писмено или по електронски пат да ги извести Државниот инспекторат за земјоделство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Државниот инспектор за земјоделство врши проверка на обезбеденоста на вкупниот износ на финансиски средства од ставот 1 и 2 на овој член и составува записник за извршената проверка.

Податоците од записникот од став 6 на овој член државниот инспектор за земјоделство ги внесува во електронскиот систем од член 10 на овој закон.

Откупувачот на тутун средствата од ставот 1 на овој член ги води на посебна сметка за исплата на откупениот тутун, а износот на исплатените средства и износот за исплатените аванси и надоместокот за организирањето и застапувањето на

претставникот од највисоката асоцијација на тутунопроизводители ги внесува во електронскиот систем од член 10 на овој закон.

За стекнување со овластување, највисоката асоцијација на тутунопроизводители од ставот 8 на овој член доставува барање за добивање на овластување најмалку 60 дена пред почетокот на откупот до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Највисоката асоцијација на тутунопроизводители од ставот 9 на овој член ја овластува министерот доколку ги исполнува следните услови:

-да е регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации;

-во својот состав да обединува најмалку две здруженија на тутунопроизводители во кои се вклучени најмалку 30% од вкупниот број евидентирани тутунопроизводители во ИСЕТ и доставен список со име и презиме, адреса и ИДБР на производителот на тутун и

-производителот на тутун да е член само на едно здружение.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на поднесеното барање од ставот 9 на овој член и доставената документација за исполнетост на условите од ставот 10 на овој член во рок од 30 дена донесува решение за овластување.

Член 32

Државниот инспекторат за земјоделство кај регистрираните откупувачи, врши увид на исполнувањето на условите од членот 29 на овој закон, задолжително пред почетокот на откупот на тутунот од тековната реколта.

Записникот за извршениот увид од членот 31 став 6 на овој закон се доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 33

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на записник од Државен инспекторат за земјоделство со решение го брише запишаниот откупувач од Регистарот од членот 26 на овој закон во следниве случаи:

- по писмено барање од органот на управување на запишаниот откупувач;
- при отворање на стечајна постапка или постапка за ликвидација;
- доколку се утврди дека откупувачот дал неточни податоци при запишување во регистарот;
- не ги отвора одобрените откупни пунктови;
- врши откуп на тутун спротивно на одредбите од овој закон;
- не обезбедува сертифициран семенски материјал согласно овој закон;
- не врши процена согласно Правилникот за мерила и методи за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун;
- не обезбеди финансиски средства согласно член 31 на овој закон и
- кога ќе престане да исполнува најмалку еден од условите од член 28 на овој закон.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

По правосилноста на решението од ставот 2 на овој член откупувачот се брише од Регистарот на откупувачи на тутун.

Член 34

Откупот на тутунот произведен во тековната година започнува во сите откупни пунктови кои се пријавени согласно член 30 став 1 и став 2 на овој закон, најдоцна од 15 декември во тековната производна година и завршува најдоцна до 28 февруари во наредната година, односно најдоцна до 31 март за вишок на произведен тутун на договорените површини за производство на тутун и за тутун договорен со откупувач кој не обезбедил финансики документ согласно член 31 од овој закон.

Откупувачот на тутун утврдува план за динамика на планираните количини за откуп на тутунот од тековната реколта по региони и по производители пред почетокот на откуп и по истиот треба да се придржува.

Планот за откуп од став 2 на овој член откупувачот на тутун го доставува до Државниот инспекторат за земјоделство и највисоката асоцијација на тутунопроизводители најдоцна пет дена пред почетокот на откупот.

Откупувачот на тутун е должен, во реален временски период, да ги извести писмено производителите на тутун со кои склучил договор, за деновите на преземањето на тутунот, пред планираниот почеток на откупот во рамките на рокот од став 1 на овој член.

Доколку тутунот не може да се превземе во планираниот рок, истиот се презема во наредните 10 денови.

Производителот на тутун е должен да го предаде тутунот во денот според известувањето доставено од откупувачот на тутун согласно ставот 2 на овој член, а доколку е спречен да го достави тутунот во определениот термин, откупувачот на тутун му определува друг термин.

Член 35

Откупот на тутун се врши според мерила и методи за квалитативна и квантитативна процена на тутунот, кои ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 36

Откупувачот на тутун е должен пред почетокот на откупот на тутунот во просториите за откуп да истакне заверени мостри на тутунот по типови и класи согласно со мерилата од членот 35 на овој закон.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение формира комисија за верификација на мострите од став 1 на овој член составена од пет члена и тоа два претставника од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и по еден претставник од откупувачите на тутун, од највисоката асоцијација на тутунопроизводители и Државниот земјоделски инспекторат.

Откупувачите на тутун до комисијата од став 2 на овој член доставуваат известување за број на простории за откуп на тутун, број на мостри по типови на тутун како и број на ваги за откуп на тутун.

Комисијата од ставот 2 на овој член врз основа на пријавените податоци од страна на откупувачите на тутун согласно ставот 3 на овој член, изработува шема за изработка на единечна мостра и доставува известување со преглед за вкупен број на податоци од ставот 3 на овој член до овластената институција од ставот 5 на овој член.

За организација, подготовка и заверка со потпис и печат на мострите од ставот 1 и ставот 15 на овој член министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство овластува наставно-научна високо образовна институција од областа на тутунското производство по претходно спроведена постапка за овластување.

Наставно-научната високо образовна институција од ставот 5 на овој член ја овластува министерот доколку ги исполнува следниве услови:

- има вработено најмалку две лица со високо образование, со научни звања од областа на земјоделските науки, со најмалку двегодишно работно искуство во областа на тутунското производство и

- располага со соодветни простории (за прием, прегледување и заверка, како и простории за чување на заверените мостри до денот на издавањето) и потребна опрема (материјално технички средства) за спроведување на верификацијата.

За добивање на овластување, наставно-научната високо образовна институција поднесува барање за овластување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и во прилог доставува докази за исполнување на условите утврдени во ставот 6 на овој член.

По добивањето на барањето од ставот 7 на овој член министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена го издава решението за овластување на наставно-научната високо образовна институција.

Формата и содржината на барањето од ставот 7 на овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Решението за овластување од ставот 8 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение ќе го одземе овластувањето од овластената наставно-научна високо образовна институција од областа на тутунското производство ако утврди дека престанала да ги исполнува условите утврдени во ставот 6 на овој член.

Против решението од ставот 11 на овој член, подносителот на барањето може во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Овластената наставно-научна високо образовна институција од областа на тутунското производство врз основа на поднесено известување од страна на комисијата од ставот 2 на овој член, врши стручна контрола на листовите од тутун по типови и класи од тековната реколта и обезбедува услови согласно став 6 алинеа 2 на овој член и материјално технички средства за работа на комисијата.

Комисијата од ставот 2 на овој член по завршената заверка од страна на овластената наставно-научна високо образовна институција од областа на тутунското производство секоја мостра поединечно ја верифицира со потпис на секој од членовите на комисијата.

Мострите од ставот 1 на овој член мора да бидат верифицирани и заверени, најдоцна до 15 ноември од комисијата од ставот 2 на овој член.

По исклучок од ставот 15 на овој член комисијата може дополнително да изврши верификација и заверка на мостри за дополнително пријавените простории за откуп согласно член 30 став 2 од овој закон.

Трошоците за организација, подготовка, верификација и заверка на мострите од ставот 1 на овој член се на товар на откупувачот на тутун и ги уплатува на сметката на сопствени приходи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За висината на трошоците од ставот 17 на овој член министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение, по предлог на овластената институција.

Извештајот за спроведената верификација на мостри од тутун од страна на овластената наставно-научна високо образовна институција од областа на тутунското производство како и пресметка на трошоците во врска со работата од ставот 13 на овој член се доставува до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Врз основа на пресметката на трошоците од ставот 19 на овој член Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство уплатува средства на овластената наставно-научна високо образовна институција од областа на тутунското производство од сметката од став 17 на овој член.

Извештајот за спроведената верификација на мостри од тутун од страна на овластената институција го доставува до директорот на Државниот инспекторат за земјоделство.

Верифицираните мостри се подигаат во ист ден од страна на сите откупувачи на тутун по претходно писмено известување од комисијата.

На комисијата од ставот 2 на овој член и следува паричен надоместок во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение.

Член 37

Процената на тутунот ја врши проценител кој има лиценца за процена на тутун (лиценца) издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно членовите 46 и 47 од овој закон.

Проценителот кој има лиценца за процена на тутун, процената ја врши во просторијата наменета за откуп на тутун.

Проценителот, процената на тутунот ја врши јавно во присуство на производителот на тутун и претставникот на највисоката асоцијација на тутунопроизводители кој има лиценца согласно став 1 на овој член.

Највисоката асоцијација на тутунопроизводители е должна да обезбеди постојано присуство на претставник на тутунопроизводители при процената на тутунот.

Претставникот на највисоката асоцијација на тутунопроизводителите при откупот на тутунот од став 3 на овој член има право на надоместок.

Надоместокот од ставот 5 на овој член за организирање и застапување, на претставникот на највисоката асоцијација на тутунопроизводителите при откупот на тутунот е на товар на производителот, го засметува откупувачот при исплатата на откупениот тутун и го уплатува на сметката на највисоката асоцијација на тутунопроизводители.

Висината на надоместокот од ставот 6 на овој член, врз основа на план и програма на највисоката асоцијација на тутунопроизводители, а во зависност од фактичките реални трошоци за организирање и застапување, ја определува највисоката асоцијација на тутунопроизводители пред почетокот на откупот на тутунот, по претходна согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Највисоката асоцијација на тутунопроизводители пред почетокот на откупот на тутун ги известува откупувачите на тутун за висината на надоместокот од ставот 5 на овој член.

Член 38

Проценителите на тутун од страна на откупувачот и претставникот на највисоката асоцијација на тутунопроизводители својот идентитет и овластувања го докажуваат со идентификациона картичка за процена на тутун, која треба задолжително да ја носат при откупот на тутун.

Откупувачот на тутун ја изработува и доставува идентификационата картичка од ставот 1 на овој член на проценителите на тутун од страна на откупувачот на тутун.

Највисоката асоцијација на тутунопроизводители ја изработува и доставува идентификационата картичка од ставот 1 на овој член на проценителите на тутун кои се нивни претставници во откупот.

Формата и содржината на идентификационата картичка ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 39

Проценителот ги одредува типот и класата на тутунот според мерила и методи за квалитативна и квантитативна процена на тутунот и мострите од членот 35 на овој закон, количината, одбитоците и спорниот тутун за секоја паковна единица, тие податоци ги објавува јавно на лице место и ги забележува во книгата за процена што ја води откупувачот на тутун.

Доколку производителот на тутун и/или претставникот на здружението не се согласни со одредениот процент на одбитоци за песок и влага од страна на проценителот од став 1 на овој член, откупувачот на тутун врши утврдување на количината на песок, влага и други страни материи на лице место со сита за песок и влагомер.

Производителот на тутун добива од откупувачот на тутун заверена дневна потврда за предадениот тутун во која е наведена бруто и нето тежина, дара и одбитоци (песок, влага и други страни материи) по класи и килограми и податоци за спорен тутун по класа и килограми.

Формата, содржината и начинот на водење на книгата за процена и формата и содржината на дневната потврда за предадениот тутун ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 40

Производителот на тутун или претставникот на највисоката асоцијација на тутунопроизводители може да даде приговор за процената во однос на квалитетот и квантитетот на тутунот за откуп во моментот на предавањето на тутунот до откупувачот на тутун.

Откупувачот на тутун е должен тутунот кој е предмет на приговорот од ставот 1 на овој член да го прими, чува и да го евидентира во книгата за приговори и наредниот ден по електронски пат да го пријави до комисија за повторна процена формирана од подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за подрачјето каде што се откупува тутунот.

Во една подрачна единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство може да се формираат една или повеќе комисии за спорни тутуни во зависност од бројот на откупувачи на тутун во реонот. Производителот на тутун е должен спорниот тутун да го остави во откупниот пункт каде што е извршена процената.

Комисијата од ставот 2 на овој член е составена од по еден претставник и по еден заменик на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, откупувачот на тутун до кого е поднесен приговорот и највисоката асоцијација на тутунопроизводители.

Претставникот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е претседател на комисијата.

Претставникот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има право на паричен надоместок што го определува и исплатува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Износот на паричниот надоместок од ставот 6 на овој член се определува со решение врз основа на бројот на решени и заведени приговори во книгата за приговори согласно ставот 12 на овој член.

Годишниот паричен надоместок од ставот 7 на овој член не го надминува нивото на просечна плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година објавена од Државен завод за статистика.

Членовите на комисијата мора да ги исполнуваат условите за проценител од членот 37 став 1 на овој закон.

Откупувачот на тутун и највисоката асоцијација на тутунопроизводители се должни да обезбедат претставници за работа на комисијата и ги сносат трошоците за нивното работење во комисијата од ставот 5 на овој член.

Комисијата од ставот 2 на овој член во рок од еден ден од денот на приемот на приговорот врши повторна процена на оспорениот тутун и за својата работа води записник.

Комисијата одлучува со мнозинство на гласови, а одлуката за процената на комисијата е конечна и се заведува во книгата за приговори.

Откупувачот на тутун и производителот на тутун не смеат да ја попречуваат работата на комисијата за повторна процена на тутун.

Формата, содржината и начинот на водење на книгата за приговори ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 41

Откупувачот на тутун е должен да води посебна евиденција за откупените, увезените и обработените количини на тутун и да ги внесе во ИСЕТ од членот 10 на овој закон.

Откупените количини на тутун од тековната реколта, откупувачот на тутун е должен да ги внесе во ИСЕТ од членот 10 на овој закон најдоцна до 31 март во наредната година.

Увезените и обработените количини на тутун од претходниот месец, откупувачот на тутун е должен да ги внесе во ИСЕТ од членот 10 на овој закон најдоцна до петнаестти во наредниот месец.

Формата и содржината на евиденциите за откупените, увезените и обработените количини на тутун, начинот на водењето, како и доставувањето на евиденцијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.“

Член 42

Производителот на тутун е должен при транспортот на произведениот суров тутун во лист до просториите за откуп од членот 28 на овој закон, да ги носи договорот и писменото известување од член 34 став 4 од овој закон.

Откупувачот на тутун е должен при транспортот на откупените количини до местото на складирање, да носи испратница по откупни класи и број на бали и/или картонски кутии, со кој ќе докаже дека тутунот е откупен.

## V. ПРОМЕТ НА НЕОБРАБОТЕН И ОБРАБОТЕН ТУТУН

Член 43

Промет на необработен тутун од увоз може да вршат правни лица регистрирани за откуп на тутун согласно член 26 од овој закон и правни лица регистрирани за производство на производи од тутун и сродни производи согласно член 49 и член 51 на овој закон.

Промет на обработен тутун може да вршат правни лица регистрирани за промет и/или извоз во трговскиот регистар и да се запишани во Регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно членот 26 од овој закон и/или запишано во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи што го води Министерството за економија согласно со членот 49 од овој закон.

Правните лица од став 1 на овој член покрај исполнетоста на условите од став 1 на овој член, потребно е да имаат договор за обработка на необработениот увезен тутун со регистриран откупувач на тутун.

Правните лица од ставот 1 од овој член необработениот увезен тутун пред да го стават во промет се должни да го обработат.

Правните лица од ставот 2 од овој член обработениот тутун го увезуваат со цел да го доработат, стават во промет или да го преработат во производи од тутун и сродни производи.

За промет, извоз и увоз на правните лица од ставовите 1 и 2 од овој член им се издава уверение за квалитет-сертификат согласно овој закон и согласно Законот за државен инспекторат за земјоделство.

Државниот инспекторат за земјоделство може да издаде уверение за квалитет-сертификат по барање на правното лице од став 1 и 2 на овој член.

Начинот на утврдување на квалитетот, начинот на пакување и начинот на утврдување на присуство на штетни материи и други загадувачи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки) на тутунот наменет за извоз и увоз ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 44

Се забранува откупување, купување, прекупување, продажба, препродажба, транспорт и складирање на необработен тутун или режан тутун, како и неовластено располагање со машини, алати, уреди и опрема кои се користат за изработка на производи од тутун и сродни производи спротивно на одредбите на овој закон.

Член 45

Се забранува извоз на необработен тутун, неманипулиран во индустриски класи и непакуван во картонски кутии или во тонга бали.

Се забранува увоз на необработен тутун, тутун сушен на сонце (sun – cured), од страна на регистрираните откупувачи на тутун, за време на периодот на откуп на тутун од домашно производство, односно од 16 ноември во тековната година до 28 февруари во наредната година.

## VI. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНА НА НЕОБРАБОТЕН ТУТУН

Член 46

За полагање на испитот за добивање на лиценца за процена на тутун кандидатот поднесува барање за полагање на испитот до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За добивање на лиценцата од членот 37 на овој закон се полага испит пред комисија што ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение.

Комисијата од ставот 2 на овој член е составена од три преставници од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и два претставника од овластената високо образовна наставно научна установа од областа на тутунското производство согласно член 48 од овој закон.

Испитот се состои од два дела и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и способноста за примена на овој закон и подзаконските акти од овој закон и

- втор дел (практичен дел) од испитот со кој се врши директна проверка на кандидатите во познавањето на тутунската суровина за квалитативно и квантитативно проценување при откупот на тутунот, согласно прописот за мерилата и методите за квалитативна и квантитативна процена на тутунот.

На комисијата од ставот 2 на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение.

Член 47

Кандидатите за полагање на испит за добивање на лиценца може да бидат:

- со соодветно високо, вишо или средно четиригодишно образование од областа на растителна биотехнологија, технологија за производство и обработка на тутун или преработка на земјоделски-растителни производи со или без работно искуство или

- без соодветно високо образование, а со две години работно искуство, вишо образование со три години работно искуство или средно четиригодишно образование со четири години работно искуство во областа на технологијата за производство и обработка на тутун или

- со несоодветно високо, вишо или средно четиригодишно образование и да е производител на тутун најмалку пет години.

Кандидатите за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутун претходно се должни да посетуваат обука за вршење на процена на тутун.

Кон барањето од член 46 став 1 на овој закон кандидатот поднесува документација за докажување на еден од условите од став 1 на овој член и потврда за завршена обука од став 2 на овој член.

Формата и содржината на барањето од член 46 став 1 на овој закон, лиценцата за процена на тутун, начинот на пријавувањето и спроведувањето на испитот како и програмата и потребната литература за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 48

Трошоците за спроведување на обуката од член 47 став 2 на овој закон и за полагањето на испитот за добивање на лиценца се на товар на кандидатот од член 47 на овој закон и за висината на трошоците министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение, по предлог на овластената институција.

Трошоците за спроведување на обуката од член 47 ставот 2 на овој закон кандидатот ги уплатува на сметката на сопствени приходи на овластената институција од ставот 5 на овој член, а трошоците за полагањето на испитот за добивање на лиценца ги

уплатува на сметката на сопствени приходи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Обуката се изведува во наставно-научна високо образовна институција од областа на тутунското производство најмалку еднаш годишно.

Институцијата од ставот 3 на овој член издава потврда за завршена обука за вршење на процена на тутун.

Институцијата од ставот 3 на овој член ја овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение, по претходно спроведена постапка за овластување.

Институцијата за да биде овластена треба да ги исполнува следниве услови:

-да е наставно научна високообразовна институција од областа на тутунското производство,

-да има вработено најмалку три доктори на науки за соодветниот вид обуки и најмалку две лица со високо образование од областа на земјоделските науки со најмалку двегодишно работно искуство во областа на тутунското производство;

-да поседува соодветни простории и опрема за изведување на обуките и

-да располагаат со соодветни простории опремени со потребна опрема и тутунска суровина за изведување на практичниот дел од испитот.

За добивање на решението од ставот 5 на овој член наставно-научната високо образовна институција поднесува барање за овластување кое во прилог ги содржи доказите за исполнување на условите утврдени во ставот 6 на овој член.

Формата и содржината на барањето од ставот 7 на овој член го пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение ќе го одземе овластувањето од овластената наставно-научна високо образовна институција од областа на тутунското производство ако утврди дека престанала да ги исполнува условите утврдени во ставот 6 на овој член.

## VII. РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ, ИЗВОЗНИЦИ И УВОЗНИЦИ НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Член 49

Производство на прозводи од тутун и сродни производи може да врши правно лице регистрирано во трговскиот регистар за вршење на дејност производство на тутунски производи и запишано во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи што го води Министерството за економија.

Правното лице од ставот 1 на овој член треба:

- да користи или располага со инсталирана опрема која му овозможува да ги изработи сите фази на производството од подготовка и режење на тутунот до изработка и

хигиенско пакување на производот или најмалку да поседува опрема за изработка и пакување на производот од тутун и сродниот производ;

- да користи или располага со сопствена лабораторија или има склучен договор со домашна лабораторија за анализа и контрола на квалитетот на производите од тутун и сродните производи;

- да користи или располага со соодветен простор за сместување на тутун, производи од тутун и сродни производи;

- да има вработено најмалку две лица со високо образование (од кои едно лице е земјоделски инженер и едно лице е инженер технолог) во производството и надзорот над квалитетот и две лица со средно образование или имаат склучен договор за производство на производи од тутун со друго правно лице кое е регистрирано во Регистарот од став 1 на овој член и

-да поседува решение по одобрен елаборат за заштита на животната средина за дејност/активност за производство на тутунски производи согласно прописите од областа на животната средина.

Листата на производители од Регистарот од став 1 на овој член се објавува на веб страната на Министерството за економија.

Производителот на производи од тутун и сродни производи е должен на пропишан образец да поднесе барање до Министерството за економија за запишување во Регистарот од став 1 на овој член.

Овластеното службено лице од Министерството за економија кое ја води постапката за упис во Регистарот од став 1 на овој член е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 4 на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на доказите и документите за исполнетост на условите од став 2 алинеја 4 од овој член од надлежниот јавен орган и да достави барање до Државниот пазарен инспекторат да изврши увид за исполнетост на овие услови.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и документите за исполнетост на условите од ставот 2 на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето, а инспекторот од Државниот пазарен инспекторат е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од став 4 на овој член да изврши увид и записникот за извршениот увид да го достави до Министерство за економија.

Министерството за економија врз основа записникот од став 6 на овој член и претходно доставената документација за докажување на условите од ставовите 1 и 2 на овој член донесува решение за упис во Регистарот од став 1 на овој член, односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Против решението на Министерството за економија за одбивање на барањето за упис од став 7 на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Формата и содржината на барањето од ставот 4 на овој член, потребните докази и документација, како и поблиските услови од ставот 2 на овој член ги пропишува

министерот за економија во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за економија во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

Член 50

Промет на производи од тутун и сродни производи може да врши правно лице регистрирано во трговскиот регистар за вршење на дејност трговија на големо со производи од тутун или производство на тутунски производи и запишано во Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи што го води Министерството за економија.

Правното лице од ставот 1 на овој член треба да ги исполнува следниве услови:

- да користи или располага со соодветен магацински простор;

- да користи или располага со соодветна опрема за складирање и

-да има вработено најмалку едно лице со високо образование и најмалку една година работно искуство во трговијата со тутунски и сродни производи.

Поблиските услови од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за економија.

Извозникот и увозникот на производи од тутун и сродни производи се должни на пропишан образец да поднесат барање до Министерството за економија за запишување во Регистарот од став 1 на овој член.

Овластеното службено лице од Министерството за економија кое ја води постапката за упис во Регистарот од став 1 на овој член е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 4 на овој член по службена должност да поднесе барање за вршење на увид за исполнетост на условите од став 2 на овој член од Државниот пазарен инспекторат.

Државниот пазарен инспекторат е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од став 5 на овој член да го достави записникот за извршениот увид до Министерство за економија.

Министерството за економија врз основа записникот од став 6 на овој член и претходно доставената документација за докажување на условите од ставовите 1 и 2 на овој член донесува решение за упис во Регистарот од став 1 на овој член, односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Против решението на Министерството за економија за одбивање на барањето за упис од став 7 на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Формата и содржината на барањето од ставот 4 на овој член, како и потребните докази и документација ги пропишува министерот за економија во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за економија во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

## VIII.РЕГИСТАР НА МАРКИ НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Член 51

Министерството за економија води Регистар за марки на производи од тутун и сродни производи.

Во Регистарот од ставот 1 на овој член се запишуваат марките на производите од тутун кои се пуштаат во промет во Република Северна Македонија.

Производителите, извозниците и увозниците кои се запишани во Регистарот за марки на производи од тутун и сродни производи се должни во Министерството за економија без одложување да ја пријават секоја промена на името, адресата, седиштето или дејноста.

Производителот односно увозникот на производи од тутун и сродни производи е должен на пропишан образец да поднесе барање за запишување во Регистарот од став 1 на овој закон за секој производ од тутун, односно сроден производ што е во промет или кој треба да биде пуштен во промет на пазарот во Република Северна Македонија.

Министерството за економија на почетокот на секоја година доставува до Државниот инспекторат за земјоделство податоци за регистрираните марки на производи од тутун и сродни производи.

Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од став 1 на овој член, како и содржината на образецот на барањето од став 4 на овој член ги пропишува министерот за економија.

Член 52

Производителите, увозниците и извозниците на производи од тутун и сродните производи се должни да водат евиденција за производството, извозот, увозот и залихите на производите од тутун и сродните производи.

Правните лица од ставот 1 на овој член должни се да доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија известување за состојбите од ставот 1 на овој член најдоцна до 31 март во тековната година за податоците од претходната година.

По исклучок на ставот 2 од овој член правните лица се должни да достават известување за состојбите од ставот 1 на овој член по барање од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија.

Формата, содржината и начинот на водење евиденција од ставот 1 на овој член како и формата и содржината на известувањето од ставот 2 на овој член ги пропишуваат министерот за економија по претходна согласност од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 52-а

Министерството за економија врз основа на записник од Државниот пазарен инспекторат со решение го брише запишаниот производител на производи од тутун и сродни производи од Регистарот од членот 49 став 1 од овој закон во следниве случаи:

- по писмено барање од органот на управување на запишаниот производител,

- при отворање на стечајна постапка или постапка за ликвидација,

-доколку се утврди дека производителот дал неточни податоци при запишување во регистарот,

- не ја врши дејноста во период без прекин, подолг од шест месеци,

- кога ќе престане да исполнува најмалку еден од условите од членот 49 став 2 од овој закон.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

По правосилноста на решението од ставот 2 на овој член производителот на производи од тутун и сродни производи се брише од Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи.

Член 52-б

Министерството за економија врз основа на записник од Државниот пазарен инспекторат со решение го брише запишаниот извозник и/или увозник на производи од тутун и сродни производи од Регистарот од членот 50 став 1 од овој закон во следниве случаи:

-по писмено барање од органот на управување на запишаниот извозник и/или увозник,

-при отворање на стечајна постапка или постапка за ликвидација,

-доколку се утврди дека извозникот и/или увозникот дал неточни податоци при запишување во регистарот,

-не ја врши дејноста во период без прекин, подолг од шест месеци,

-кога ќе престане да исполнува најмалку еден од условите од членот 50 став (2) од овој закон.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

По правосилноста на решението од ставот 2 на овој член извозникот и/или увозникот на производи од тутун и сродни производи се брише од Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи. “

## IX. НЕСОГОРЛИВИ ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН

Член 53

Производителите и увозниците на несогорливи производи од тутун должни се да доставаат известување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за сите несогорливи производи од тутун кои што имаат намера да ги стават во промет.

Известувањето се поднесува во писмена форма 30 дена пред планираното пуштање во промет.

Известувањето од став 1 на овој член содржи:

а) име-назив и податоци за контакт на одговорното правно или физичко лице од производителот или увозникот во Република Северна Македонија;

б) список на состојки содржани во потрошниот дел од несогорливиот производ од тутун и

в) достапни научни истражувања за токсичноста, опасноста од зависност и атрактивноста на несогорливиот производ од тутун, особено во однос на состојките и емисиите.

Доколку известувањето не ги содржи податоците од ставот 3 на овој член, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство може да побара дополнителни податоци и информации за состојките на несогорливиот производ од тутун заради нивно следење.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со трговските тајни и другите доверливи информации постапува на доверлив начин пропишан согласно прописите од областа на заштита на класифицирани информации.

Производителите и увозниците кои ставаат во промет несогорливи производи од тутун се должни да се запишат во Регистарот на производители, Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи и Регистарот на марки на производи од тутун и сродни производи согласно членовите 49, 50 и 51 на овој закон.

Формата на известувањето од овој член, начинот на неговото доставување и следење, како и видот на сертификати согласно со член 54 ставови 1 и 2 од овој закон, ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 54

Производителите и увозниците на електронските уреди за користење на несогорливите производи од тутун заедно со известувањето од членот 53 од овој закон треба да доставаат сертификати за безбедност на електронскиот уред, напојувањето, батериите и полначите за батерии.

Доколку електронскиот уред за користење на несогорливиот производ од тутун користи и дополнителни контејнери за никотин и други додатоци за течности, треба да се достави и сертификат за исполнување на стандардите за пакувања за сигурност на деца.

Електронските уреди заедно со батериите и полначите за батерии треба да бидат предмет на независна анализа од страна на акредитирано тело од областа на електричната енергија.

Електронскиот уред за користење на несогорливи производи од тутун се продава во заштитено пакување.

Информациите за безбедност наменети за потрошувачите на електронскиот уред за користење на несогорливи производи од тутун треба да бидат ставени во пакувањето на производот или во упатството кое го придружува производот.

Член 55

Производителите и увозниците на електронскиот уред за користење на несогорлив производ од тутун се должни да обезбедат дека пакувањето на единечниот електронски уред содржи:

а) упатство за употреба и чување на производот;

б) препорака дека производот не се препорачува за употреба од непушачи и дека е само за полнолетни;

в) детали за контакт на производителот или увозникот и

г) препорака да се чува производот надвор од дофат на деца.

Упатството од став 1 точката а) на овој член не ги вклучува следниве елементи или карактеристики со кои:

-ја поттикнува неговата потрошувачка преку создавање на погрешен впечаток за неговите карактеристики, здравствени ефекти, ризици или емисии;

-етикетите не вклучуваат никакви информации за содржината на катран или јаглерод моноксид во производот и

-недокажано се сугерира дека одреден производ има витализирачки, енергетски, лекувачки, подмладувачки, природни, органски својства со помош на зборови, знаци или симболи.

Електронскиот уред за користење на несогорлив производ од тутун не треба да:

а) има изглед на храна или козметички производ и

б) сугерира дека одреден производ има подобрена биоразградливост или други еколошки предности.

Член 56

Несогорливиот производ од тутун што се пушта во промет (парчиња, стапчиња или капсули) треба да бидат во заштитено пакување.

На единечното пакување на несогорливиот производ од тутун и на секоја надворешна амбалажа, со исклучок на провидните опаковки и транспортните кутии, што се пуштаат во промет треба да бидат втиснати/отпечатени следните информации:

1. име на производот;
2. име-назив на производителот и увозникот што овозможува идентификација и адреса;
3. број на парчиња;
4. сериски број или еквивалент што ќе овозможи да се одреди местото и датумот на производството;
5. предупредување за здравјето и
6. препорака дека производот е само за полнолетни.

Член 57

На единечното пакување и било кое надворешно пакување на потрошниот дел од несогорливиот производ од тутун на предната страна се става следното здравствено предупредување: „Овој производ од тутун е штетен за здравјето и предизвикува зависност“.

Предупредувањето од ставот 1 на овој член е:

а) отпечатено на 30% од површината на предната страна вклучувајќи ја и рамката на единечното пакување;

б) отпечатено со задебелени букви во црна боја со фонт Хелветика на бела позадина во центарот на површината која е резервирана за него, како и на кубоидните пакувања и било кои надворешни пакувања, тие треба да бидат паралелни со страничниот раб на единечното пакување или надворешното пакување;

в) опкружено е со црна рамка со широчина од најмалку 3 мм и не повеќе од 4 мм која е надвор од површината резервирана за предупредувањето и

г) освен на македонски јазик и кирилско писмо можат да бидат напишани и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, во зависност од проценката на производителот или увозникот.

Предупредувањето може да биде втиснато и на налепница, под услов налепницата да не може да се отстрани.

## X. ЕЛЕКТРОНСКИ ЦИГАРИ

Член 58

Производителите и увозниците кои ставаат во промет електронски цигари и/или контејнерите за еднократно или повеќекратно полнење, поднесуваат барање за пуштање во промет до Министерството за здравство.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува во писмена форма најмалку три месеци пред планираното пуштање во промет на уредот.

Барањето од ставот 1 на овој член особено содржи:

1) име-назив и адреса на производителот и/или увозникот што овозможува негова идентификација;
2) листа на состојки кои се содржани во производот;

3) листа на состојки на емисиите, како резултат на неговата употреба, за секоја марка и за секој тип, вклучувајќи ги и нивните количини;

4) токсиколошки достапни податоци за состојките и емисиите на производот, вклучувајќи го нивното влијание врз здравјето на потрошувачите при вдишување и евентуалниот ефект на зависност при нивно загревање;

5) информации за дозите на никотин и апсорбирањето кога се консумира во нормални или разумно предвидливи услови, односно според информациите наведени во упатството за употреба и чување на уредот;

6) опис на уредот, опис на механизмот за отворање и за полнење на електронската цигара или на контејнерите за повеќекратно полнење;

7) за производителите на контејнерите за еднократно или повеќекратно полнење опис на производниот процес и изјава дека производствениот процес се обезбедува во согласност со барањата на овој член и

8) изјава дека производителот и увозникот кои ставаат во промет електронски цигари и/или контејнери за повеќекратно полнење, носат целосна одговорност за квалитетот и безбедноста на производот, кога се нуди на пазарот и се користи при нормални или разумно предвидливи услови, односно според информациите наведени во упатството за употреба и чување на уредот.

Во случај да доставените информации од точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од став 3 на овој член се некомплетни, Министерството за здравство може да побара дополнување со релевантни информации.

Министерството за здравство од производителите и увозниците врши наплата на трошоците за прием, складирање, ракување и анализа по примерок од контејнер за еднократно или повеќекратно полнење на информациите од ставот 3 на овој член, чија висина ја утврдува министерот за здравство со решение.

Формата и содржината на барањето и потребната документација од ставот 3 од овој член ги пропишува министерот за здравство.

Министерството за здравство издава одобрение за ставање во промет на контејнерите за еднократно и повеќекратно полнење врз основа на барањето од став 1 на овој член.

Производителите и увозниците кои ставаат во промет електронски цигари и/или контејнерите за еднократно и повеќекратно полнење по добивањето на одобрението од ставот 7 на овој член се должни да се запишат во интегрален регистар што го води надлежната организациона единица при Министерството за здравство.

За секоја суштинска измена на електронската цигара и/или на контејнерот за повеќекратно пополнување производителите и увозниците поднесуваат дополнително барање согласно содржината од ставот 3 на овој член.

Министерството за здравство во електронска форма води регистар на правните лица и производите согласно ставот 1 на овој член.

Производителите и увозниците од став 1 на овој член може да наведат кои информации од став 3 на овој член претставуваат деловна тајна.

Министерството за здравство ги објавува на својата веб страница податоците за правните лица и производите, со исклучок на информациите што претставуваат деловна тајна.

Член 59

Производителите и увозниците пуштаат во промет течности наменети за електронски цигари:

-во специјални контејнери за повеќекратно полнење со волумен не поголем од 10 ml,

-во електронски цигари за еднократна употреба или во патрони за еднократна употреба, а волуменот на патроните или резервоарите да не надминува 2 ml.

Течностите од став 1 на овој член не треба да содржат повеќе од 20 мг/мл никотин и:

а) витамини или други адитиви кои доведуваат во заблуда дека производот е корисен за здравјето или претставува намалена опасност по здравјето;

б) кофеин или таурин, или други адитиви и стимулирачки соединенија кои се поврзуваат со енергија и виталност;

в) адитиви кои имаат својство на боење на емисиите;

г) адитиви кои ќе го олеснат дишењето или навлегувањето на никотин и

д) адитиви кои имаат канцерогени, мутагени и репродуктивно токсични материи во незапалива форма.

Во производството на течностите кои содржат никотин, се користат само состојки со висока чистота.

Присуството на супстанции, различни од наведените во став 3 точки а), б), в), г) и д) од овој член, дозволено е само во форма на остаток во супстанцијата и во количества кои технички е невозможно да бидат избегнати.

Со исклучок на никотинот, во течностите од полнењето, се користат само состојки кои не претставуваат опасност по здравјето на луѓето во загреана или незагреана форма.

Член 60

Производителите и увозниците кои ставаат во промет електронски цигари и/или контејнерите за повеќекратно полнење се должни да превземаат итни мерки за доведување на електронскиот уред со барањата за квалитетот и безбедноста на производот согласно член 58 став 3 точка 8) на овој закон или за неговото повлекување од пазарот.

Производителите и увозниците кои ставаат во промет електронски цигари треба навремено да ја известат надлежната организациона единица при Министерството за здравство за преземените дејства во случаите кога сметаат или има причини да сметаат дека предложените од нив електронски цигари или контејнерите за повеќекратно полнење не се безбедни или не се со добар квалитет, или на друг начин не одговараат на барањата од овој закон.

Член 61

Производителите и увозниците треба да пуштаат во промет електронски цигари и контејнери за еднократно и повеќекратно полнење кои се отпорни на оштетување од деца, да не можат да се фалсификуваат, да се заштитени од кршење и протекување и да имаат механизам кој обезбедува полнење без протекување.

Член 62

Производителите и увозниците во корисничкото пакување на електронските цигари и/или контејнерите за повеќекратно полнење  ставаат упатство со следната содржина:

1. упатство за употреба и чување на производот, со напомена дека овој производ не се препорачува за употреба од млади луѓе и непушачи;

2. контраиндикации;

3. предупредувања за одредени ризични групи;

4. можни несакани ефекти;

5. предупредувања за опасноста од зависност и токсичност и

6. адреса за производителот и/или увозникот, што овозможува нивна индентификација.

Секое пакување на контејнерите за еднократно или повеќекратно полнење треба да содржи:

1. листа на сите состојки во производот во опаѓачки редослед според нивната тежина;

2. содржина на никотин во производот и преземено количество никотин во една доза;

3. информации за содржината на подобрувачи на вкусот;

4. сериски број на пакувањето;

5. препорака за чување на контејнерот подалеку од деца и

6. информации за содржината на адитиви-подобрувачи на вкусот.

Корисничкиот пакет и секое надворешно пакување на електронските цигари и на контејнерите за повеќекратно полнење не треба да вклучуваат елементи или карактеристични ознаки кои:

1. ја рекламираат електронската цигара или ја промовираат нејзината употреба, доведуваат во заблуда во врска со нејзините карактеристики, здравствените последици, или емисиите;

2. доведуваат во заблуда дека некој уред е помалку штетен од други или дека доведува до намалување на последиците од некои штетни компоненти на чадот, или дека ја подобрува виталноста и енергичноста, дека има лековити, подмладувачки, природни или органски својства или носи други здравствени придобивки или начин на живот;

3. личат на храна или козметички производ и

4. доведуваат во заблуда дека уредот има еколошки предности.

Член 63

На корисничкото пакување и на секое надворешно пакување на електронските цигари и на контејнерите за повеќекратно полнење се става здравствено

предупредување: "Овој производ содржи никотин, кој води до висока зависност. Не се препорачува за откажување од пушењето".

Здравственото предупредување од ставот 1 од овој член е уредено со член 73 став 10 од овој закон, при што текстот на предупредувањето треба да:

а) се појавува на двете најголеми површини на поединечното пакување и било кое надворешно пакување и

б) покрие 30% од површината на поединечното пакување и било кое надворешно пакување.

Процентот од став 2 точка б) од овој член може да се зголеми на 32% доколку информациите од овој член освен на македонски јазик и кирилско писмо може да бидат напишани и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, во зависност од проценката на производителот или увозникот.

Текстот на предупредувањето од став 2 на овој член до колку не е отпечатен на единечното пакување може да биде наведен на налепница, под услов налепницата да не може да се отстрани.

## XI. РАСТИТЕЛНИ (БИЛНИ) ПРОИЗВОДИ ЗА ПУШЕЊЕ

Член 64

На единечното и групното пакување со растителен производ за пушење се става здравствено предупредување: „Пушењето на овој производ штети на вашето здравје".

Текстот на здравственото предупредување од ставот 1 на овој член треба да:

а) се појавува како на предната, така и на задната површина на единицата и на секое групно пакување;

б) опфаќа 30% од површината на секоја од тие површини, пресметана во однос на површината кога пакувањето е затворено;

в) биде во фонт црна хелветика, задебелен тип на бела позадина;

г) големината на фонтот да гарантира дека текстот зазема најголем можен дел од површината резервирана за него и

д) се појавува во центарот на таа површина.

Единечното пакување на растителниот производ за пушење не смее да наведува дека производот вклучува некои од следните елементи или карактеристики:

а) промовира или ја поттикнува неговата потрошувачка преку создавање на погрешен впечаток за неговите карактеристики, здравствени ефекти, ризици или емисии;

б) вклучува информации за содржината на никотин, катран или јаглерод моноксид во растителниот производ за пушење;

в) наликува на храна или козметички производ или

г) сугерира дека одреден растителен производ за пушење е:

- помалку штетен од други растителни производи за пушење;
- има за цел да го намали ефектот на некои штетни компоненти на чадот;
- има витализирачко, поттикнувачко, лековито, подмладувачко, поседува природни или органски својства или
- има придонес кон здравјето, начинот или стилот на живот.

Елементите и карактеристиките наведени во ставот 3 на овој член вклучуваат (но не се ограничени на) текстови, симболи, имиња, трговски марки, фигуративни знаци или други видови знаци.

Доколку информациите од ставот 2 на овој член освен на македонски јазик и кирилско писмо може да бидат напишани и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, во зависност од проценката на производителот или увозникот, а здравственото предупредување треба да опфаќа 32% од површината на соодветната површина на поединечното пакување и на секое надворешно пакување.

Предупредувањето може да биде втиснато и на налепница, под услов налепницата да не може да се отстрани.

## XII.АДИТИВИ ВО ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Член 65

Во изработката на производи од тутун и сродни производи може да се користат само дозволени адитиви согласно став 8 од овој член.

Производителите и увозниците на производи од тутун се должни еднаш годишно до Државниот инспекторат за земјоделство најдоцна до 31 март во тековната година да достават на пропишан образец податоци за адитивите кои се користат во изработката на производите од тутун и сродните производи.

Државниот инспекторат за земјоделство врши проверка дали адитивите се во листите за дозволени адитиви.

Производителите на производи од тутун се должни, за адитивите кои планираат да ги користат во изработката на производите од тутун и сродните производи од став 1 на овој член, да достават на пропишан образец податоци до Државниот инспекторат за земјоделство три месеци пред планираниот датум за нивна употреба во производството.

Увозниците на производите од тутун  и сродните производи од став 2 на овој член се должни три месеци пред планираниот датум за нивно пуштање во промет да достават на пропишан образец до Државниот инспекторат за земјоделство податоци за адитивите користени во производите од тутун и сродните производи од став 1 на овој член.

Државниот инспекторат за земјоделство во соработка со наставно научни институции од областа врши проверка дали тие адитиви се дозволени согласно став 8 од овој член.

Формата и содржината на обрасците од ставовите 2, 4 и 5 на овој член, начинот на неговото доставување и користењето на податоците за адитивите кои се користат во изработката на производите од тутун и сродните производи, освен несогорливиот тутун ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со министерот за здравство.

Дозволените адитиви кои се користат во изработката на производи од тутун и сродни производи и нивната цел, освен за производите од несогорлив тутун, ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со министерот за здравство.

## XIII. КОНТАМИНЕНТИ ВО ОБРАБОТЕНИОТ ТУТУН И ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН

Член 66

Обработениот тутун и производите од тутун не смеат да содржат штетни материи и други загадувачки материи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки).

Хартијата која се употребува за фабричка изработка на цигари и за рачно виткање на цигари, како и филтер стапчето не смеат да имаат непријатен мирис и вкус.

Видот на штетни материи од ставот 1 од овој член, како и начинот и методите на земање примероци за утврдување на штетните материи и други загадувачи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки) во обработениот тутун и производи од тутун ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со министерот за здравство.

## IV.ИЗГЛЕД И ПАКУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ТУТУН НАМЕНЕТИ ЗА ПУШЕЊЕ

Член 67

Единечното пакување на цигарите има форма на квадар со рамни или заоблени ивици и содржи најмалку 20 цигари.

Се забранува пуштање во промет на пакувањата на цигари кои немаат форма на квадар, кои содржат помалку од 20 цигари, со исклучок на пакувањата на цигари кои што се наменети за извоз.

Единечното пакување на цигари се состои од картон или мек материјал и не треба да има отвор кој ќе може повторно да се затвори или повторно да се залепи откако е еднаш отворено, освен капакот со преклоп (флип-топ) и капаците со преклопување.

За пакувањата со флип-топ капак и капак со преклоп, капакот ќе биде поврзан со пакувањето само на задниот дел на пакувањето.

Член 68

На пакувањето на производите од тутун за пушење на секоја надворешна амбалажа, со исклучок на провидните опаковки и транспортните кутии, што се пуштаат во промет треба да бидат втиснати/отпечатени следните информации:

1. назив на производот од тутун;

2. опис на производот од тутун: цигара, пура, цигарилос, тутун за луле, тутун за цигари, тутун за џвакање, тутун за шмркање, тутун за наргиле;

3. име на производителот и увозникот што овозможува идентификација и адреса;

4. број на парчиња на цигари, пури, цигарилоси, или тежина (за тутун за наргиле, за шмркање и тутун за џвакање);

5. во случај на цигари, квантитативните вредности на катран, никотин и јаглерод моноксид во основниот чад и тоа:

- „Катран X мг/цигара“ (каде што X е заокружен цел број);
- „Никотин Y мг/цигара“ (каде што Y е број заокружен на прва децимална точка);
- „Јаглероден моноксид Z мг/цигара“ (каде што Z е заокружен цел број);

6. сериски број или еквивалент што ќе овозможи да се одреди местото и датумот на производството на производот од тутун и

7. предупредување за здравјето (со исклучок на бурмутот и тутунот за џвакање).

Член 69

Се забранува пуштање во промет на цигари што на пакувањето немаат податоци за содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во милиграми по цигара и/или ако се над дозволените количини утврдени во членот 76 на овој закон.

Член 70

Не е дозволено впишување на пакувањето на производи од тутун за пушење на текстови, описи или други знаци кои содржат ознаки, зборови или изрази што упатуваат или сугерираат на тоа дека тој вид на производ е:

а) помалку штетен од другите (пример: Lowtar, light, mild, ultra light, односно малку катран, лесен, благ, ултра лесен и други слични ознаки);

б) укажува на тоа дека одреден производ од тутун има витализирачки, енергетски, исцелителски, подмладувачки, природни и органски својства;

в) личи на храна или козметички производ и

г) укажува на тоа дека одреден производ од тутун има подобрена биоразградливост или други еколошки предности.

Единечните пакувања и било какви надворешни пакувања не треба да укажуваат на економски предности со вметнување печатени ваучери, кои нудат попусти, бесплатна дистрибуција, две-за-еден или други слични понуди.

## XV. ПРЕДУПРЕДУВАЊА И ИНФОРМАТИВНИ ПОРАКИ НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН НАМЕНЕТИ ЗА ПУШЕЊЕ

Член 71

На единечното пакување на производите од тутун за пушење се ставаат општо и комбинирано здравствено предупредување.

На единечното пакување на производите од тутун за пушење од предната страна се пишува едно од следните општи предупредувања:

- пушењето убива / пушењето може да убие или
- пушењето е штетно за вас и за луѓето околу вас.

За производите од тутун кои имаат форма на зглобно пакување кое се отвора со кинење на страничните површини на два дела, општото предупредување ги опфаќа во целост поголемите делови од овие разделни површини.

Општото предупредување треба да се појавува во внатрешноста на врвот на површината која е видлива кога пакувањето е отворено.

Страничните површини на овој тип на пакување имаат висина која не е помала од 16 мм.

Секое единечно пакување и било кое надворешно пакување на тутунот за самостојно виткање цигари и тутун за луле кој се пушта во промет во торбички или други пакувања, содржи општо предупредување на предната страна и порака за информирање и комбинирано предупредување согласно член 72 став 1 на овој закон, на задната страна без слика.

На пакувањето од ставот 6 на овој член се става порака за информирање: "Тутунскиот чад содржи повеќе од 70 супстанции, за кои се знае дека предизвикуваат рак."

Општото предупредување и пораката за информирање од ставот 6 на овој член се наоѓаат на површината која осигурува целосна видливост на тие здравствени предупредувања.

На тутунот за самостојно виткање цигари и тутунот за луле во цилиндрично пакување, општото предупредување се наоѓа на надворешната површина од поклопецот, а пораката за информирање на внатрешната површина од поклопецот.

Општото предупредување мора да покрива најмалку 30% вклучувајќи ја и рамката на предната страна која не може да биде помала од 3 мм, ниту поголема од 4 мм.

За пакувањата на тутун за самостојно виткање цигари во кубоидни пакувања, општото и комбинираното предупредување се позиционирани на долниот дел на една од страничните површини на поединечното пакување, а пораката за информирање е позиционирана на долниот дел од другата странична површина.

Здравствените предупредувања од ставот 7 на овој член треба да имаат ширина која не е помала од 20 мм.

Општото и комбинираното предупредување како и пораките за информирање секоја засебно покриваат 30% од површините на кои се печатат заедно со рамката во која се сместени.

Општото предупредување и пораката за информирање од овој член се:

а) отпечатени со задебелени букви во црна боја со фонт Хелветика на бела позадина;

б) во центарот на површината која е резервирана за нив, како и на кубоидните пакувања и било кои надворешни пакувања, тие треба да бидат паралелни со страничниот раб на единечното пакување или надворешното пакување и

в) општото предупредување и пораката за информирање освен на македонски јазик и кирилско писмо може да бидат напишани и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, во зависност од проценката на производителот или увозникот.

Член 72

Единечното пакување на производите од тутун за пушење содржи комбинирано предупредување позиционирано на задната страна од пакувањето каде е напишана една од следните информативни пораки:

- пушачите умираат помлади;
- пушењето предизвикува болести на срцето и инфаркт;
- пушењето предизвикува рак на белите дробови;
- пушењето за време на бременост му штети на вашето бебе;
- заштитете ги децата, не дозволувајте да вдишуваат чад;
- вашиот лекар може да ви помогне да се откажете од пушењето;
- пушењето е болест на зависност;
- со престанувањето со пушење ќе го смалите ризикот од сериозни болести;
- пушењето може да предизвика бавна и болна смрт;
- побарајте помош за да престанете да пушите;
- пушењето може да го намали протокот на крв и да предизвика импотенција;
- пушењето предизвикува стареење на кожата;
- пушењето може да ја намали плодноста;
- чадот од цигарите содржи бензен, нитросамин, формалдехид и цијановодород и
- фотографија (на задната страна) од која е јасно видливо штетното дејство на пушењето преку која е отпечатена една од пораките на овој став.

Пораката од комбинираното предупредување кое е вклучено во фотографијата е позиционирано на задната страна од пакувањето опфаќаат површина од најмалку 40% на единечното пакување на производот од тутун на кои се втиснати/отпечатени вклучувајќи ја и рамката која не може да биде помала од 3 мм, ниту поголема од 4 мм.

Доколку информациите од став 2 на овој член се пишуваат освен на македонски јазик и кирилско писмо може да бидат напишани и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, комбинираното предупредување опфаќа најмалку 45% на задната страна на соодветната површина на единечното пакување на производот од тутун на кој е втиснато.

Примената на комбинираното предупредување треба да биде наизменична (ротирачка) на начин што ќе овозможи секое предупредување да се појави подеднакво на произведените количини.

Член 73

Производите од тутун за пушење, освен цигарите, тутунот за самостојно виткање цигари и тутунот за пушење со водени лулиња содржат општо и текстуално предупредување за здравјето кои треба да се позиционирани на највидливата површина на единечното пакување и на било кое надворешно пакување.

Општото предупредување треба да се појави на највидливата површина на единечното пакување и на било кое надворешно пакување.

Текстуалното предупредување за здравјето е утврдено со член 71 став 7 од овој закон.

Предупредувањата од ставот 3 на овој член се појавуваат на највидливата површина на единечното пакување и било кое надворешно пакување.

За единечни пакувања со преклопен капак највидливата површина е онаа која станува видлива кога пакувањето е отворено.

Општото предупредување од став 1 на овој член покрива 30% од релевантната површина на единечното пакување и било кое надворешно пакување.

Текстуалното предупредување за здравјето од став 1 на овој член треба да покрие 40% од релевантната површина на единечното пакување и било кое надворешно пакување.

Кога предупредувањата за здравјето од став 1 на овој член треба да се појават на површина поголема од 150 $cm^2$, предупредувањето треба да опфаќа површина од 45 $см^2$.

Површината од ставот 8 на овој член се зголемува на 48 $см^2$ ако освен на македонски јазик и кирилско писмо се напишани и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Општото и текстуалното предупредување за здравјето од ставот 1 на овој член се:

а) отпечатени со задебелени букви во црна боја со фонт Хелветика на бела позадина;

б) во центарот на површината која е резервирана за нив, како и на кубоидните пакувања и било кои надворешни пакувања, тие треба да бидат паралелни со страничниот раб на единечното пакување или надворешното пакување;

в) опкружени со црна рамка со широчина од најмалку 3 mm и не повеќе од 4 мм. која е надвор од површината резервирана за здравственото предупредување и

г) освен на македонски јазик и кирилско писмо може да бидат напишани и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, во зависност од проценката на производителот или увозникот.

Текстовите на податоците од членот 71 и од членот 72 на овој закон мора да бидат ставени во рамка, при што ширината на рамката не може да биде помала од 3 мм, ниту поголема од 4 мм.

Предупредувањата од членовите 71 став 2 и 72 став 1 на овој закон не смеат да бидат отпечатени под акцизната марка залепена на пакувањето на производот од тутун.

Предупредувањата од членовите 71 став 2 и 72 став 1 на овој закон до колку не се отпечатени на единечното пакување можат да бидат наведени на налепница, под услов налепницата да не може да се отстрани.

## XVI. ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Член 74

Производите од тутун за пушење можат да се пуштат во промет ако ги содржат податоците согласно членовите 71, 72 и 73 на овој закон и податоците од Регистарот на марки од членот 51 на овој закон.

Член 75

За пуштање во промет на производи од тутун и сродни производи се издава уверение за квалитет-сертификат согласно членот 80 на овој закон и согласно Законот за Државен инспекторат за земјоделство.

Член 76

Цигарите што се пуштени во промет не смеат да содржат повеќе од:

-10 мг катран/цигара;

-1 мг никотин/цигара и

-10 мг јаглероден моноксид/цигара.

Податоците од ставот 1 на овој член мора да бидат втиснати/отпечатени на бочната страна на пакувањето и да покриваат најмалку 10% вклучувајќи ја и рамката која не може да биде помала од 3 мм, ниту поголема од 4 мм од страната на која се втиснати.

Податоците од ставот 1 на овој член можат да бидат втиснати/отпечатени на бочната страна на пакувањето и да покриваат најмалку 12%, доколку покрај македонскиот јазик и кирилско писмо се употребува и друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, во зависност од проценката на производителот или увозникот.

Член 77

Се забранува продажба на одделни цигари и/или други производи од тутун надвор од оригиналното пакување на производителот, со исклучок на пурите.

Член 78

Се забранува ставање во промет на тутун за орална употреба.

## XVII. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 79

Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува Стратегија за производство на тутун за период од седум години со акционен план.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува мерки и подмерки согласно годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Целите на Стратегијата за производство на тутун за период од седум години се:

-државна помош на земјоделските стопанства кои се занимаваат со тутунско производство;

- поддршка на доходот на земјоделските стопанства;

-рамномерен и одржлив развој во тутунопроизводните региони и

-поддршка за формирање на организации на производители.

Акциониот план особено содржи краткорочни и среднорочни насоки за развој и финансиски средства за спроведување на Стратегијата од ставот 1 на овој член.

## XVIII. КОНТРОЛА НА ТУТУН, ОБРАБОТЕН ТУТУН, ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН, СРОДНИ ПРОИЗВОДИ И АДИТИВИ

### Член 80

Контрола и следење на квалитетот на обработениот тутун при извоз и увоз како и на тутунот при увоз врши Државниот инспекторат за земјоделство по поднесено барање од правното лице.

Анализа на земените примероци од страна на државниот инспектор за земјоделство за контрола на квалитетот врши акредитирана лабораторија од областа на тутунот која поднесува извештај за извршена контрола на квалитетот на примероците до Државниот инспекторат за земјоделство и државниот инспектор за земјоделство кој ги земал примероците за анализа.

Врз основа на извештајот од ставот 2 на овој член, Државниот инспекторат за земјоделство издава уверение за квалитет-сертификат со важност од 60 дена.

Трошоците за издавање на уверение-сертификат за квалитет се на товар на правното лице од ставот 1 на овој закон, пропишани согласно Законот за државен инспекторат за земјоделство.

Трошоците за извршената лабораториска анализа по единица примерок, на земените примероци од Државниот инспекторат за земјоделство се на товар на правното лице од ставот 1 на овој закон, а ги утврдува акредитираната лабораторија од областа на тутунот.

По добивањето на резултатите од анализата може да се поднесе барање од правното лице или Државниот инспекторат за земјоделство, во рок од 24 часа по нивното примање, за вршење на супераназиза до друга акредитирана лабораторија од областа на тутунот.

Трошоците за суперанализата се на товар на барателот.

Резултатите од суперанализата се конечни.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, начинот на вршење на контрола на квалитетот на тутунот од ставот 2 на овој член, како и начинот и методите на земање примероци, време, место, начин на чување и уништување на примероците, како и методите за анализа на квалитет на тутунот ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 81

Контрола на квалитетот на производите од тутун и несогорливиот тутун, врши Државниот инспектор за земјоделство по поднесено барање од правно лице согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

Контрола на квалитетот на електронските цигари го вршат надлежни инспектори за хемикалии и контролирани супстанци при Министерство за здравство.

Содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во основниот чад на цигарите и растителните цигари треба да биде проверена и потврдена од акредитирана лабораторија.

Содржината на никотин во електронските цигари за еднократна употреба и контејнери за еднократна употреба како и други контејнери со течност за надополнување треба да биде проверена и потврдена од акредитирана лабораторија.

Акредитираната лабораторија врши испитување на содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид согласно членот 76 став 1 на овој закон и поднесува извештај за квалитетот до Државниот инспекторат за земјоделство.

Акредитираната лабораторија врши испитување на содржината на никотин согласно членот 59 став 2 на овој закон и поднесува извештај до инспекторот за хемикалии и контролирани супстанци при Министерство за здравство.

За производите од тутун кои не се цигари како и за растителни (билни) производи за пушење, за секоја марка еднаш годишно или пред првото пуштање во промет, по претходно барање од правното лице кое врши промет се обезбедува мислење од наставно-научна институција од областа на тутунската наука.

За несогорливите тутунски производи, информациите што се доставуваат до наставно-научната институција заради издавање на мислење пред да бидат ставени на пазарот, покрај условите утврдени во член 53 од овој закон, мора да содржат и научни докази кои докажуваат дека уредот со кој се користи не го согорува тутунот и не произведува чад што може да го вдиши корисникот како:

а) проценка на емисии на производи според валидирани научни методи, покажувајќи значително намалување на просечните нивоа на токсични компоненти во аеросолот од несогорливите производи во споредба со чадот од цигарите;

б) резултати од предклинички студии со користење на релевантни анализи кои се меѓународно прифатени за целта и следејќи ги Добрите лабораториски практики (Principles of Good Laboratory Practices - GLP) на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) кои покажуваат значително намалување на токсичноста на аеросолниот производ во споредба со тутунскиот чад;

в) резултати од клинички студии спроведени во согласност со Добрите лабараториски практики (GLP), кои покажуваат значително намалување на изложеноста на тоскични честички во споредба со чадот од цигари и потенцијалот на производот за

намалување на ризикот од болести поврзани со пушењето во споредба со пушењето на цигари;

Трошоците за издавање на уверение-сертификат за квалитет се на товар на правното лице од ставот 1 на овој член, пропишани согласно Законот за државен инспекторат за земјоделство.

Трошоците за извршената лабораториска анализа на земените примероци од Државниот инспекторат за земјоделство и инспекторите за хемикалии и контролирани супстанции при Министерство за здравство се на товар на правното лице од ставот 1 и став 6 на овој член, а ги утврдува акредитираната лабораторија од ставот 4 на овој член.

Член 82

Производителот или увозникот на производи од тутун и сродни производи, освен за несогорливиот тутун, во писмена форма на образец ги доставува податоците за сите состојки и адитиви кои се употребени во производството и нивното количество во опаѓачки редослед според тежината, за секоја состојка вклучена во производот, согласно член 65 ставови 4 и 5 од овој закон.

Кон образецот од ставот 1 на овој член се доставува:

а) изјава во која се изложени причините за вклучувањето на овие состојки во соодветните прозводи од тутун;

б) статусот на состојките, во согласност со Регистарот за хемикалии и супстанции кој се води според Законот за хемикалии;

в) класификација на состојките;

г) за цигарите и тутунот за самостојно виткање, производителот или увозникот доставуваат технички документ за користените адитиви и нивните својства.

Наставно-научна институција од областа на тутунската наука врши проверка на доставената документација, врши определување на типот и квалитетот на производот од тутун и дава мислење врз основа на извршен лабораториски наод до Државниот земјоделски инспекторат.

Врз основа на мислењето добиено од лабораторискиот наод од ставот 3 на овој член, Државниот инспекторат за земјоделство издава уверение за квалитет-сертификат со важност од една година.

Трошоците за издавање на уверение-сертификат за квалитет се на товар на правното лице од ставот 1 на овој член, пропишани согласно Законот за државен инспекторат за земјоделство.

Трошоците за мислењето од ставот 2 на овој член се на товар на правното лице од ставот 1 на овој член, а ги утврдува наставно-научна институција од областа на тутунската наука.

Утврдувањето на содржината на катран, никотин и јаглерод моноксид кај цигарите се врши врз основа на меѓународно признати стандарди: ISO 4387 за содржината на катран, ISO 3400 или ISO 10315 за содржината на никотин и ISO 8454 за содржината на јаглерод моноксид.

Адекватноста на содржината на катран, никотин и јагленород моноксид наведени на пакувањето се потврдуваат во согласност со стандардот ISO 8243.

Член 83

Производителите и увозниците на цигари и електронски цигари се должни да извршат мерење на состојките од членот 59 став 2 и членот 76 став 1 на овој закон во акредитирана лабораторија на сите регистрирани марки цигари и електронски цигари од секоја произведена односно увезена партија пред пуштање во промет согласно членот 81 ставови 5 и 6 на овој закон.

Член 84

Државниот инспекторат за земјоделство врз основа на претходно изготвена Годишна програма за мониторинг на производи од тутун и сродни производи, спроведува мониторинг кај домашниот производител и увозникот на производите од тутун и сродните производи најмалку еднаш во календарската година.

Со мониторингот од ставот 1 на овој член се проверува и точноста на податоците од мерењата извршени согласно членот 83 на овој закон.

Начинот на вршење на контрола на квалитет и мерењето на состојките од членот 81 ставови 5 и 6 на овој закон, трошоците за земање на примероци и нивна анализа, како и начинот и методите на земање примероци за анализа и суперанализа на квалитет на производите од тутун и сродните производи, како и време, место и начин на чување и уништување на примероците ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## XIX. НАДЗОР

Член 85

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на истиот врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во деловите кои се однесуваат на производството на тутун, регистарот на откупувачи, откуп и обработка на тутун, прометот на необработен и обработен тутун, начинот на спроведување на испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун, несогорливите производи од тутун, растителните (билни) производи за пушење, адитивите во производите од тутун и сродни производи, контаминентите во обработениот тутун и производи од тутун, изгледот и пакувањето на производите од тутун наменети за пушење, предупредувањата и информативните пораки на производи од тутун наменети за пушење, прометот на производи од тутун и сродни производи, финасирањето, контролата на тутун, обработен тутун, производи од тутун, сродни производи и адитиви.

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на истиот врши Министерството за економија во деловите кои се однесуваат на регистарот на марки на производи од тутун и сродни производи и регистарот на производители, извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи.

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на истиот врши Министерството за здравство во деловите кои се однесуваат на производството на електронските цигари и адитивите во производи од тутун и сродни производи.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на истиот врши Државниот инспекторат за земјоделство преку државни инспектори за земјоделство (инспектор) во деловите кои се однесуваат на производството на производство на тутун, регистар на откупувачи, откуп и обработка на тутун, промет на необработен и обработен тутун, начин на спроведување на испитот за добивање на лиценца за процена на необработен тутун, несогорливи производи од тутун, растителни (билни) производи за пушење, адитиви во производи од тутун и сродни производи, контаминенти во обработениот тутун и производи од тутун, изглед и пакување на производите од тутун наменети за пушење, предупредувања и информативни пораки на производи од тутун наменети за пушење, промет на производи од тутун и сродни производи, финасирање, контрола на тутун, обработен тутун, производи од тутун, сродни производи и адитиви.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на истиот врши Државниот пазарен инспекторат во деловите кои се однесуваат на регистар на марки на производи од тутун и сродни производи и регистарот на производители, извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на истиот врши Министерство за здравство преку инспектори за хемикалии и контролирани супстанци во деловите кои се однесуваат на електронски цигари и адитиви во производи од тутун и сродни производи.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на истиот врши Управната инспекција во деловите кои се однесуваат на запишување во регистарот на откупувачи на тутун, регистарот на производители, извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи, несогорливите производи од тутун и регистарот на марки на производи од тутун и сродни производи.

Член 86

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое привремено се одзема тутунот и задолжително го предаде на најблискиот откупувач на тутун, ако:

1) утврди дека производителот на тутун врши производство без да склучи договор за производство и откуп на тутун со откупувачот на тутун (член 7) и
2) производителот на тутун и откупувачот на тутун при транспортот на тутунот ги немаат соодветните документи (член 42).

Откупувачот на тутун од ставот 1 на овој член е должен да го преземе привремено одземениот тутун на начин предвиден за редовен откуп на тутун.

Откупувачот на тутун од ставот 1 на овој член е должен да го смести и негува привремено одземениот тутун на начин предвиден за редовен откуп на тутун до моментот на отстранување на недостатоците.

По правосилноста на решението донесено од страна на државниот инспектор за земјоделство, привремено одземениот тутун може комисиски да се уништи или да се понуди на продажба на откупувачот на тутун каде што е сместен привремо одземениот тутун.

Трошоците за сместување и негување на привремо одземениот тутун производителот на тутун е должен да му ги надомести на откупувачот на тутун врз основа на доставена фактура.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот инспекторат за земјоделство до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 87

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое ќе забрани промет на необработен, обработен тутун, производи од тутун и сродни производи на правното лице, ако:

1) пушти во промет необработен и обработен тутун без да биде регистриран во трговскиот регистар, без да е запишан во регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и без уверение за квалитет-сертификат (член 43);

2) во промет се пуштени пакувања на цигари кои немаат форма на квадар и содржат помалку од 20 цигари (член 67 став 2);

3) во промет се пуштени цигари што на пакувањето немаат податоци за содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во милиграми по цигара и/или ако се над дозволените количини согласно членот 76 на овој закон (член 69);

4) пушти во промет производи од тутун за пушење на чие пакување се впишани текстови, описи или други знаци (член 70 став 1);

5) единечните пакувања и било какви надворешни пакувања укажуваат на економски предности со вметнување печатени ваучери, кои нудат попусти, бесплатна дистрибуција, две-за-еден или други слични понуди (член 70 став 2);

6) пушти во промет производи од тутун и сродни производи без уверение за квалитет-сертификат (член 75);

7) во промет е пуштен тутун за орална употреба (член 78);

8) не ги спроведе потребните испитувања за содржината на никотин во електронските цигари за еднократна употреба и контејнери за еднократна употреба како и други контејнери со течност за надополнување во акредитирана лабораторија (член 81 став 4) и

9) не обезбеди мерење на состојките од членот 76 став 1 на овој закон на сите регистрирани марки цигари од секоја произведена односно увезена партија пред пуштање во промет (член 83).

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение за привремено одземање на тутунот, производите од тутун и сродните производи од ставот 1 на овој член и задолжително го предаде на најблискиот откупувач на туутн, односно производител на производи од тутун.

Правното лице од ставот 2 на овој член е должен да го преземе, смести и негува привремено одземениот тутун, производите од тутун и сродни производи.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот инспекторат за земјоделство до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 88

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение за забрана на откуп и/или обработка на тутун, производство и промет на обработен тутун на правното лице, ако:

1) не обезбеди сертифициран семенски материјал од регистриран производител на тутунско семе (член 11 став 2);

2) врши откуп и обработка на тутун без приоритетна дејност-трговија на големо со суров тутун и/или производство на тутунски производи и без да е запишан во регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 26 став 1);

3) не ги исполнува условите од член 27 и член 29 на овој закон и

4) обработениот тутун содржи штетни материи и други загадувачки материи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки) (член 66 став 1).

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот инспекторат за земјоделство до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 89

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое ќе наложи на лицето кое врши производство на тутун без склучен договор за производство и откуп на тутун да го уништи насадот.

Тутунскиот насад го уништува лицето кое го посадило истиот или по било кој основ го поседува или користи земјиштето.

Ако тутунскиот насад не биде уништен од лицето од став 2 на овој член, истиот ќе биде уништен комисиски од страна на Државниот инспектор за земјоделство заедно со претставници од Министерството за внатрешни работи на сметка на сопственикот или корисникот на земјиштето.

Државниот инспектор за земјоделство со потврда за привремено одземени предмети ќе го одземе тутунот (необработен, обработен и/или режан тутун) кој е предмет на сторен прекршок и ќе го предаде на најблискиот откупувач на тутун.

Доколку одземениот необработен, обработен и/или режан тутун има употребна вредност и може да се употреби за производство на  производи од тутун по извршената

проценка од вешто лице, ќе биде понуден за продажба на откупувачот на тутун каде што е сместен тутунот.

Доколку одземениот тутун од ставот 4 на овој член е без употребна вредност по извршената проценка од вешто лице, истиот се уништува комисиски со претставниците од став 3 на овој член.

Доколку одземениот тутун се продаде, реално направените трошоци за сместување, чување и одржување, кај откупувачот на тутун каде бил сместен одземениот тутун се на терет на сторителот на прекршокот.

Против решението од став 1 и став 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот инспекторат за земјоделство до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 и ставот 2 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 90

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое ќе определи рок за отстранување на утврдените недостатоци и ќе го забрани отпочнувањето на откупот, ако откупувачот на тутун:

1) не ја пријави секоја промена на името, адресата, седиштето или дејноста (член 26 став 3);

2) не ги пријави локациите на сите простории за откуп до Државниот инспекторат за земјоделство и не ги внесе во ИСЕТ (член 30 став 1) ;

3) не отвори простории за откуп во населени места со договорено производство над 100 тони тутун (член 30 став 3);

4) не обезбеди финансиски документ пред почетокот на откупот на тутунот за целокупната договорена количина на тутун од тековната реколта и динамика на прилив на средства за време на откупот на тутунот (член 31, ставови 1 и 2);

5) не обезбеди дополнителни финансиски средства за дополнително планираната количина на тутун пред почетокот на откупот на тутунот и писмено или по електронски пат не ги извести Државниот инспекторат за земјоделство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 31, ставови 4 и 5);

6) не утврди динамика на откуп на тутунот од тековната реколта, односно не се придржува кон истата (член 34 став 2);

7) пред почетокот на откуп на тутун, во просториите за откуп не истакне заверени мостри на тутунот по типови и класи (член 36 став 1);

8) процената на тутунот ја врши со проценител кој нема лиценца за процена на тутун и идентификациона картичка за процена на тутун (член 37 став 1 и член 38 став 1);

9) процената на тутун не ја врши во просторија наменета за откуп на тутун, јавно, во присуство на производителот и претставникот на здружението на тутунопроизводители кој има лиценца (член 37 ставови 2 и 3);

10) не води книга за процена на тутун (член 39);

11) не го прима, чува и не го евидентира оспорениот тутун во книгата за приговори (член 40 став 2) и

12) не води посебна евиденција за откупените и обработените количини на тутун од тековната реколта и истите не ги внесува во електронскиот систем на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 41).

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот инспекторат за земјоделство до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 91

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое ќе забрани:

1) вршење на дејност производство на тутунски производи и привремено да ги одземе производите од тутун и сродни производи доколку утврди дека производителот врши производство без да е запишан во регистарот на производители на тутунски и сродни производи (член 49 став 1);

2) вршење на дејност производство на тутунски производи и привремено да ги одземе производите од тутун и сродни производи доколку утврди дека производителот врши производство без да ги исполнува условите од членот 49 став 2 на овој закон;

3) вршење на дејност извоз или увоз на производи од тутун и сродни производи и привремено да ги одземе доколку утврди дека извозникот или увозникот врши извоз или увоз без да е регистриран во регистарот за производители, регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи (член 50 став 1);

4) вршење на дејност извоз или увоз на тутунски производи и привремено да ги одземе производите од тутун и сродни производи доколку утврди дека извозникот или увозникот врши извоз или увоз без да ги исполнува условите од членот 50 став 2 на овој закон;

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот инспекторат за земјоделство до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

За одземените производи од тутун и сродни производи во случаите од ставот 1 на овој член, државниот земјоделски инспектор е должен да издаде потврда за привремено одземени предмети.

Државниот земјоделски инспектор привремено одземените тутунски производи и сродни производи согласно Законот за Државен инспекторат за земјоделство и Законот за инспекциски надзор ќе ги предаде на Агенција за управување со одземен имот.

Член 92

Државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе забрани:

1) пуштање во промет на производи од тутун и сродни производи и привремено да ги одземе доколку производителот, односно увозникот не се запишани во регистарот на марки на производи од тутун и сродни производи (член 51 став 3);

2) пуштање во промет на несогорливи тутунски производи и привремено да ги одземе истите, доколку не се запишани во Регистарот на марки на тутунски производи од тутун и сродни производи согласно членовите 49, 50 и 51 на овој закон (член 53 став 5).

3) пуштање во промет на течности наменети за електронски цигари кои не се во специјални контејнери за повеќекратно полнење и се со волумен поголем од 10 ml и електронски цигари за еднократна употреба со патрони за еднократна употреба, а волуменот на патроните или резервоарите надминува 2 ml и привремено да ги одземе истите (член 59 став 1);

4) пуштање во промет на цигари спротивно на одредбите од членот 76 на овој закон и привремено да ги одземе истите и

5) продажба на одделни цигари и/или други производи од тутун надвор од оригиналното пакување на производителот и привремено да ги одземе истите, со исклучок на пурите (член 77) .

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот пазарен инспекторат до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

За одземените производи од тутун и сродни производи во случаите од ставот 1 на овој член, државниот пазарен инспектор е должен да издаде потврда за привремено одземени предмети.

Државниот пазарен инспектор привремено одземените производи од тутун и сродни производи задолжително ќе ги предаде на Агенција за управување со одземен имот согласно Законот за државен пазарен инспекторат.

Член 93

Државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе определи рок за отстранување на утврдените недостатоци, ако:

1) производителите, извозниците и увозниците на производи од тутун и сродни производи не водат евиденција за производството, извозот, увозот и залихите на производи од тутун и сродни производи (член 52 став 1) и

2) производителите, извозниците и увозниците запишани во Регистарот на марки на тутунски производи од тутун и сродни производи не ја пријавиле промената на името, адресата, седиштето или дејноста до Министерството за економија (член 51 став 3) и

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот пазарен инспекторат до

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 94

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение за забрана за пуштање во промет на производи од тутун и сродни производи и ќе определи рок за отстранување на утврдените недостатоци, ако:

1) производителите и увозниците на производи од тутун не достават на пропишан образец податоци за адитивите кои се користат во изработката на производите од тутун до Државниот инспекторат за земјоделство (член 65 став 2);

2) на пакувањето на производите од тутун за пушење не се содржани информациите од членот 68 на овој закон;

3) на пакувањето на производите од тутун за пушење се впишуваат текстови, описи или други знаци кои содржат ознаки, зборови или изрази што упатуваат или сугерираат на тоа дека тој вид е помалку штетен од другите (на пример: low tar, light, mild, ultralight, односно малку катран, лесен, благ, ултра лесен и други слични ознаки) ( член 70 став 1).

4) на единечните пакувања и било какви надворешни пакувања се содржани податоци кои укажуваат на економски предности со вметнување печатени ваучери, кои нудат попусти, бесплатна дистрибуција, две-за-еден или други слични понуди ( член 70 став 2).

5) општото предупредување на пакувањето не е во согласност со член 71 став 2 и став 10;

6) комбинираното предупредување не е во согласност со член 72 став 2;

7) доколку информациите од член 72 став 1 се пишуваат покрај на македонскиот уште на еден јазик комбинираното предупредување мора да покрива најмалку 45% на задната страна на единечното пакување (член 72 став 3);

8) комбинираното предупредување не се применува наизменично (ротирачки) на начин што ќе овозможи секое предупредување да се појави подеднакво на произведените количини (член 72 став 4);

9) пакувањето на производите од тутун за пушење, освен цигарите, тутунот за самостојно виткање цигари и тутунот за пушење со водени лулиња не ги содржи општо и текстуално предупредување и не се во форма и димензии согласно член 73 од овој закон;

10) текстовите на предупредувањата од членот 71 и 72 на овој закон се на акцизната марка која е залепена на пакувањето на тутунскиот производ (член 73 став 12);

11) текстовите на предупредувањата од членовите 71 став 2 и 72 став 1 на овој закон не се отпечатени на единечното пакување или се наведени на налепница која може да се отстрани (член 73 став 13);

12) цигарите содржат повеќе од 10 мг катран/цигара, 1 мг никотин/цигара и 10 мг јаглероден моноксид/цигара (член 76 став 1) и

13) податоците не се втиснати/отпечатени на бочната страна на пакувањето и не покриваат најмалку 10% вклучувајќи ја и рамката која не може да биде помала од 3 мм, ниту поголема од 4 мм од страната на која се втиснати, а ако се употребува покрај македонскиот уште еден јазик најмалку 12% од страната на која се втиснати (член 76 ставови 2 и 3).

Доколку правното лице не постапи по решението и во дадениот рок не ги отстрани утврдените недостатоци Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста производство на тутунски производи.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот инспекторат за земјоделство до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Државниот инспектор за земјоделство со потврда за привремено одземени предмети ќе ги одземе производите од тутун и задолжително ќе ги предаде на Агенција за управување со одземен имот согласно Законот за Државен инспекторат за земјоделство и Законот за инспекциски надзор.

Член 95

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое ќе забрани пуштање во промет несогорливи производи од тутун и уреди за нивно користење, ако:

1) производителите и увозниците на несогорливи производи од тутун не достават известување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за сите несогорливи производи од тутун кои што имаат намера да ги стават во промет (член 53 став 1);

2) производителите и увозниците кои ставаат во промет несогорливи тутунски производи, а не се запишани во Регистарот на производители, Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи согласно членовите 49, 50 и 51 на овој закон (член 53 став 6);

3) производителите и увозниците на електронските уреди за употреба на несогорливите производи од тутун заедно со известувањето од членот 53 од овој закон не достават сертификати (член 54 ставови 1 и 2);

4) електронскиот уред за користење на несогорлив тутун не се продава во заштитено пакување (член 54 став 4);

5) електронскиот уред наменет за користење на несогорливиот производ од тутун не содржи информации за безбедност за потрошувачите (член 54 став 5);

6) единечниот електронски уред наменет за користење на несогорливиот производ од тутун не ги содржи информациите во пакувањето (член 55 став 1);

7) електронскиот уред наменет за користење на несогорливиот производ од тутун има изглед на храна или козметички производ и сугерира дека одреден производ има подобрена биоразградливост или други еколошки предности (член 55 став 2);

8) несогорливиот производ од тутун што се пушта во промет (парчиња, стапчиња или капсули) не е во заштитено пакување (член 56 став 1);

9) на единечното пакувањето на несогорливиот производ од тутун и на секоја надворешна амбалажа, со исклучок на провидните опаковки и транспортните кутии, што се пуштаат во промет не се втиснати/отпечатени информациите од точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 (член 56 став 2) и

10) единечното пакување и било кое надворешно пакување на потрошниот дел од несогорливиот тутун на предната страна не го содржи здравственото предупредување (член 57 став 1);

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот инспекторат за земјоделство до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 96

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот при Државниот инспекторат за земјоделство утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членовите 10, 103 и 105 од овој закон должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од 15 дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Едукацијата ја организира и спроведува инспекторот при Државниот инспекторат за земјоделство во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторот при Државниот инспекторат за земјоделство при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

Доколку инспекторот при Државниот инспекторат за земјоделство при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став 1 на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочна комисија.

Државниот инспекторат за земјоделство води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 97

Државниот инспекторат за земјоделство за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Државниот инспекторат за земјоделство.

Член 98

Инспекторот за хемикалии и контролирани супстанции при Министерство за здравство ќе донесе решение со кое ќе забрани пуштање во промет, ако производителите и увозниците:

1) пуштаат во промет електронски цигари и/или контејнери за еднократно или повеќекратно полнење без претходно да поднесат барање за ставање во промет до Министерството за здравство (член 58 став 1);

2) пуштаат во промет електронски цигари и/или контејнери за еднократно или повеќекратно полнење без да поднесат барање во писмена форма најмалку три месеци пред планираното ставање во промет на уредот (член 58 став 2);

3) пуштаат во промет електронски цигари и/или контејнери за еднократно и повеќекратно полнење без да се запишани во интегралниот регистар (член 58 став 8);

4) пуштаат во промет течности кои се наменети за електронски цигари, а содржат никотин, во специјални контејнери за повеќекратно полнење со волумен поголем од 10 ml или во електронски цигари за еднократна употреба или во патрони за еднократна употреба, а волуменот на патроните или резервоарите надминува 2 ml (член 59 став 1);

5) пуштаат во промет електронски цигари и/или контејнери за повеќекратно полнење без да превземат итни мерки за доведување на соодветниот уред со барањата на законот или за неговото повлекување од пазарот (член 60 став 1);

6) пуштаат во промет електронски цигари и контејнери за еднократно и повеќекратно полнење кои не се отпорни на оштетување од деца, можат да се фалсификуваат, не се заштитени од кршење и протекување и немаат механизам кој обезбедува полнење без протекување (член 61);

7) во корисничкото пакување на електронските цигари и/или контејнерите за повеќекратно полнење не ставаат упатство со содржината од точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 (член 62 став 1);

8) во корисничкиот пакет и на секое надворешно пакување на електронските цигари и на контејнерите за повеќекратно полнење вклучуваат елементи или карактеристични ознаки од точките 1, 2, 3 и 4 (член 62 став 3);

9) на корисничкото пакување и на секое надворешно пакување на електронските цигари и на контејнерите за повеќекратно полнење нема здравствено предупредување (член 63 став 1);

10) на корисничкото пакување и на секое надворешно пакување на електронските цигари и на контејнерите за повеќекратно полнење нема здравствено предупредување согласно член 71 или 72 на овој закон и текстот на предупредувањето не е според точките а) и б) (член 63 став 2);

11) текстот на предупредувањето на корисничкото пакување и на секое надворешно пакување е наведен на налепница која може да се отстрани (член 63 став 4) и

12) не ги спроведе потребните испитувања на содржината на никотин во електронските цигари за еднократна употреба и контејнери за еднократна употреба како и други контејнери со течност за надополнување во акредитирана лабораторија (член 81 став 6).

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку инспекторот за хемикалии и контролирани супстанции до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

## XX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 99

Глоба на правно лице во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) не употребува семенски материјал од откупувачите на тутун обезбеден од регистриран снабдувач на семенски материјал од тутун (член 11 став 1);

2) не обезбеди семенски материјал од регистриран снабдувач на семенски материјал од тутун во предвидените количини (член 11 став 2);

3) не обезбеди без надоместок репроматеријал на тутунопроизводителите, најдоцна до 31 март во тековната година (член 11 став 7);

4) врши производство на тутун без да склучи договор за производство и откуп со откупувачот на тутун (член 13 став 1);

5) не е запишан во Регистарот на откупувачи (член 26 став 1);

6) не ги исполнува условите од членот 29 на овој закон;

7) не поднесе барање за запишување во регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 28 став 1);

8) не обезбеди финансиски документ за обезбедени средства за целокупната договорена количина на тутун од тековната реколта во висина на просечната откупна цена по килограм на ниво на државата од минатите три реколти за соодветните типови на тутун (член 31 став 1 и 2);

9) откупот не го врши според мерилата и методите за квалитативна и квантитативна процена (член 35 став 1);

10) процената на тутунот ја врши проценителот кој нема лиценца издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 37 став 1);

11) проценителот, процената на тутунот не ја врши јавно и во просторија наменета за откуп на тутун (член 37 став 2 и став 3).

12) не го прими, не го евидентира тутунот кој е предмет на приговор во книгата за приговори и наредниот ден по електронски пат не го пријави до комисија за повторна процена (член 40 став 2);

13) не обезбедува претставник во комисијата за повторна процена (член 40 став 11);

14) врши промет на необработен тутун од увоз без да е регистриран за откуп на тутун согласно член 26 од овој закон и без да е регистриран за производство на производи од тутун и сродни производи согласно член 49 и член 50 на овој закон (член 43 став 1);

15) врши промет на обработен тутун без да е регистриран за промет и/или извоз во трговскиот регистар и без да е запишан во Регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно членот 26 од овој закон (член 43 став 2);

16) нема договор за обработка на увезениот тутун со регистриран откупувач на тутун (член 43 став 3);

17) пред да го пушти во промет увезениот тутун не го обработи (член 43 став 4);

18) обработениот тутун го увезува без да го доработи, стави во промет или да го преработи во производи од тутун и сродни производи (член 43 став 5);

19) врши промет, извоз и увоз без уверение за квалитет-сертификат согласно овој закон и согласно Законот за државен инспекторат за земјоделство (член 43 став 6);

20) врши откупување, купување, прекупување, продажба, препродажба, транспорт и складирање на тутун или режан тутун, како и неовластено располагање со машини, алати, уреди и опрема кои се користат за изработка на производи од тутун и сродни производи спротивно на одредбите од овој закон (член 44);

21) врши извоз на необработен тутун launch неманипулиран во индустриски класи и непакуван во картонски кутии или во тонга бали (член 45);

22) врши производство на производи од тутун и сродни производи без да е регистриран во трговскиот регистар за вршење на дејност производство на тутунски производи и без да е запишан во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производители (член 49 став 1);

23) не ги исполнува условите од членот 49 став 2 на овој закон;

24) не поднесе барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за запишување во Регистарот (член 49 став 4);

25) врши промет на производи од тутун и сродни производи без да е регистриран во трговскиот регистар за вршење на дејност трговија на големо со производи од тутун и без да е запишан во Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи (член 50 став 1);

26) не ги исполнува условите од членот 50 став 2 на овој закон;

27) не поднесе барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за запишување во Регистарот (член 50 став 4);

28) не поднесе барање до Министерството за економија за запишување во Регистарот (член 51 став 4);

29) не достави известување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за сите несогорливи производи од тутун кои што имаат намера да ги стават во промет во печатена форма 30 дена пред планираното пуштање во промет (член 53 став 1 и 2);

30) пушта во промет несогорливи производи од тутун без да е запишан во Регистарот на производители, Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи и Регистарот на марки на производи од тутун и сродни производи согласно ченовите 49, 50 и 51 на овој закон (член 53 став 5);

31) не достави сертификати (член 54 ставови 1 и 2 од овој закон);

32) не достави најдоцна до 31-ви март во тековната година на пропишан образец податоци за адитивите кои се користат во изработката на производите од тутун и сродните производи (член 65 став 2);

33) не достави на пропишан образец податоци за адитивите кои планира да ги користи во изработката на производите од тутун и сродните производи до Државниот инспекторат за земјоделство три месеци пред планираниот датум за нивна употреба во производството (член 65 став 4);

34) не достави на пропишан образец податоци за адитивите користени во производите од тутун и сродните производи до Државниот инспекторат за земјоделство три месеци пред планираниот датум за нивно пуштање во промет (член 65 став 5);

35) пушта во промет пакувања на цигари кои немаат форма на квадар и содржат помалку од 20 цигари, со исклучок на пакувањата на цигари кои што се наменети за извоз (член 67 став 2);

36) пушта во промет производи од тутун за пушење спротивно на член 68 од овој закон.

37) пушта во промет цигари кои содржат повеќе од 10 мг катран/цигара, 1 мг никотин/цигара и 10 мг јаглероден моноксид/цигара (член 76 став 1);

38) пушта во промет пакувања на цигари на кои податоците не се втиснати/отпечатени на бочната страна на пакувањето и не покриваат најмалку 10% вклучувајќи ја и рамката која не може да биде помала од 3 мм, ниту поголема од 4 мм од страната на која се втиснати, а ако се употребува покрај македонскиот уште еден јазик најмалку 12% од страната на која се втиснати (член 76 став 2);

39) не ги спроведе потребните испитувања на содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во цигарите и растителните цигари во акредитирана лабораторија (член 81 став 2) и

40) не изврши мерење на состојките од членот 59 став 2 и членот 76 став 1 на овој закон во акредитирана лабораторија на сите регистрирани марки цигари и електронски цигари од секоја произведена односно увезена партија пред пуштање во промет согласно член 81 (член 83).

Покрај глобата за прекршоци од ставот 1 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на тутун, производи од тутун, несогорлив тутун, електронски цигари, растителни цигари, предмети, средства и производи што се употребени за извршување на прекршокот.

За прекршокот од ставот 1 на овој член освен глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години, од денот на правосилноста на одлуката.

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 точки 10, 11 и 12 на овој член и на проценителот во откупниот пункт.

Член 100

Глоба на правно лице во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 3.500 до 7.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) не ги внесе во електронска форма потребните податоци веднаш со склучувањето на договорот за договореното производство на тутун во електронскиот систем од член 10 од овој закон (член 8 став 1);

2) не ги достави во електронска форма потребните податоци до подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна во рок од 5 работни дена по завршувањето на крајниот рок за склучување на договори (член 8 став 2);

3) не ги пријави во електронскиот систем настанатите промени или корекции (член 8 став 4);

4) не го продаде целокупниот произведен тутун на откупувачот со кој склучил писмен договор за производство и откуп на тутун, односно не го откупи целокупниот договорен тутун, под условите предвидени со договорот (член 12 став 1);

5) склучи договор за количини на тутун за кои производителот на тутун има склучено договор со друг откупувач на тутун за една производна година, за иста површина и производство (член 14 став 5);

6) склучува договор по истекот на рокот за склучување на договор (член 14 став 7);

7) не ги пријави во електронскиот систем локациите на сите откупни пунктови во кои ќе врши откуп на тутун во определениот рок (член 30 став 1);

8) не отвори откупни пунктови во населени места со договорено производство над 100 тони тутун (член 30 став 3);

9) со откуп на тутун не започне во сите пријавени откупни пунктови најдоцна од 15 декември во тековната производна година и не заврши најдоцна до крајот на февруари во наредната година, односно најдоцна до 31 март за вишок на произведен тутун на договорените површини за производство на тутун и за тутун договорен со откупувач кој не обезбедил финансики документ согласно член 31 од овој закон (член 34 став 1);

10) не утврди план за динамика за планираните количини за откуп на тутунот од тековната реколта по региони и по производители пред почетокот на откуп и по истиот не се придржува (член 34 став 2);

11) не го достави планот за откуп до Државниот инспекторат за земјоделство и највисоката асоцијација на тутунопроизводители најдоцна пет дена пред почетокот на откупот и не ги извести писмено производителите за денот на преземање на тутунот (член 34 ставови 3 и 4);

12) пред почетокот на откупот на тутунот во просториите за откуп не истакне заверени мостри на тутунот по типови и класи (член 36 став 1);

13) нема обезбедено книга согласно со овој закон и податоците не ги објавува јавно, не ги забележува во книгата за процена и не издава на производителот заверена дневна потврда за предадениот тутун во која е наведена бруто и нето тежина, дара и одбитоци (песок, влага и други страни материи) по класи и килограми и податоци за спорен тутун по класа и килограми (член 39);

14) ја попречува работата на комисијата за повторна процена на тутун (член 40 став 14);

15) не води евиденција за производство, извоз, увоз и залихи на производи од тутун и сродни производи и не доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија евиденција за состојбите од ставот 1 на овој член најдоцна до 31 март во тековната година за податоците од претходната година (член 52 став 1 и став 2);

16) не обезбеди дека пакувањето на единечниот електронски уред за користење на несогорлив производ од тутун содржи информации од точките а), б), в), г) и д) (член 55 став 1);

17) пушта во промет несогорлив производ од тутун кој не е во заштитено пакување (член 56 став 1);

18) пушта во промет единечно пакување на несогорлив производ од тутун и на секоја надворешна амбалажа, со исклучок на провидните опаковки и транспортните кутии без втиснати/отпечатени информации од точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 (член 56 став 2);

19) секое единечно пакување и било кое надворешно пакување на потрошниот дел од несогорливиот производ од тутун на предната страна не е ставено здравствено предупредување (член 57 став 1);

20) на единечното и групно пакување на растителниот производ за пушење не става здравствено предупредување и текстот на здравственото предупредување не е според точките а), б), в), г) и д) (член 64 став 1 и став 2);

21) единечното пакување на растителниот производ за пушење има елементи или карактеристики наведени во точките а), б), в) и г) (член 64 став 3);

22) обработениот тутун и тутунски производи содржат штетни материи и други загадувачки материи/контаминенти (член 66 став 1);

23) хартијата која се употребува за фабричка изработка на цигари и за рачно виткање на цигари, како и филтер стапчето имаат непријатен мирис и вкус (член 66 став 2);

24) на пакувањето на производите од тутун за пушење се впишани текстови, описи или други знаци кои содржат ознаки, зборови или изрази што упатуваат или сугерираат на тоа дека тој вид на производ е спротивно од наведените точки а), б), в), г) и д) (член 70 став 1);

25)единечните пакувања и било какви надворешни пакувања укажуваат на економски предности со вметнување печатени ваучери, кои нудат попусти, бесплатна дистрибуција, две-за-еден или други слични понуди (член 70 став 2);

26) на единечното пакување на производите од тутун за пушење не се ставени општо и комбинирано здравствено предупредување (член 71 став 1);

27) општото предупредување не покрива најмалку 30% вклучувајќи ја и рамката на предната страна која не може да биде помала од 3 мм, ниту поголема од 4мм (член 71 став 10);

28) пораката од комбинираното предупредување не опфаќа најмалку 40% вклучувајќи ја и рамката на задната страна која не може да биде помала од 3 мм, ниту поголема од 4мм ( член 72 став 2);

29) доколку информациите од член 72 став 1 се пишуваат покрај на македонскиот уште на еден јазик комбинираното предупредување не опфаќа најмалку 45% на задната страна на соодветната површина на единечното пакување на производот од тутун на кој е втиснато (член 72 став 3);

30) примената на комбинираното предупредување не е наизменична (ротирачка) и не овозможува секое предупредување да се појави подеднакво на произведените количини (член 72 став 4);

31) општото предупредување не опфаќа 30% од релевантната површина на единечното пакување и било кое надворешно пакување и текстуалното предупредување за здравјето не опфаќа 40% од релевантната површина на единечното пакување и било кое надворешно пакување (член 73 ставови 6 и 7);

32) текстовите на податоците од членовите 71 и 72 на овој закон не се ставени во рамка, при што ширината на рамката е помала од 3 мм, поголема од 4 мм (член 73 став 11);

33) предупредувањата од членовите 72 став 2 и 73 став 1 на овој закон се отпечатени под акцизната марка која е залепена на пакувањето на производот од тутун (член 74 став 12);

34) предупредувањата од членовите 71 став 2 и 72 став 1 на овој закон се втиснати на налепница, која може да се отстрани (член 73 став 13);

35) пушта во промет производи од тутун и сродни производи без уверение за квалитет-сертификат согласно членот 80 на овој закон и согласно Законот за Државен инспекторат за земјоделство (член 75) и

36) пушта во промет тутун за орална употреба (член 78).

Покрај глобата за прекршоци од ставот 1 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на тутун, производи од тутун, несогорлив тутун, електронски цигари, растителни цигари, предмети, средства и производи и друго што се употребени за извршување на прекршокот.

За прекршокот од ставот 1 на овој член освен глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години, од денот на правосилноста на одлуката.

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 101

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ако:

1) не ги прибави доказите, односно документите по службена должност во рок од три дена од денот на приемот на барањето спротивно на член 26 став 4, член 29 став 2, член 49 став 5 и член 50 став 5 од овој закон и

2) не одлучи по барањето во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето спротивно на член 26 став 7, член 28 став 5 член 49 став 7 и член 50 став 7 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите, односно документите ако не ги достави бараните докази и документи во рок од три дена спротивно на член 26 став 4, член 28 став 2, член 49 став 6 и член 50 став 5 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на инспекторот ако не изврши увид и не достави записник во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето спротивно на член 26 став 6, член 28 став 4, член 49 став 6 и член 50 став 6 од овој закон.

Член 102

Глоба на правно лице во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) не побара писмено мислење за содржината на договорот од највисоката асоцијација на тутунопроизводителите, најдоцна до 20 февруари во тековната година (член 14 став 2);
2) не ги внесе во ИСЕТ податоците за раскинувањето на договорот и склучувањето на новиот договор (член 24 став 5);

3) не обезбеди постојано присуство на претставник од здружението на тутунопроизводители при процената на тутунот (член 37 став 4);

4) не води посебна евиденција за откупените, увезените и обработените количини на тутун од тековната реколта и не ги внесе во електронскиот систем од член 10 на овој закон (член 41 став 1);

5) откупените количини на тутун од тековната реколта не ги пријави најдоцна до крајот на месец март во наредната година (член 41 став 2),

6) увезените и обработените количини на тутун од претходниот месец не ги внесе во ИСЕТ најдоцна до 15 во наредниот месец (член 41 став 3) и

7) откупувачот при транспорт на откупените количини тутун до местото на складирање не носи испратница по откупни класи и број на бали и/или картонски кутии, со кој ќе докаже дека тутунот е откупен (член 42 став 2).

За прекршокот од ставот 1 точки 1) и 2) на овој член освен глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години, од денот на правосилноста на одлуката.

Глоба во износ од 250 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член за дејствијата од ставот 1 точка 6) на овој член ќе се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на тутунот.

Член 103

Глоба на правно лице во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) содржината на договорот не ја објави јавно најдоцна до 28 февруари во тековната година на огласна табла во седиштето на откупувачот и на локалната веб страна на откупувачот, доколку истата постои (член 13 став 3);

2) содржината на договорот не ја достави до највисоката асоцијација на тутунопроизводители (член 13 став 4);

3) склучи договор кој не ги содржи одредбите од членот 15 на овој закон и

4) преносот на договорот за производство и откуп на тутун не ги евидентира во електронскиот систем од член 10 на овој закон (член 21).

Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 104

Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:

1) пред склучувањето на договорот за производство на тутун не ги обнови податоците за промена на претходно пријавените податоци во ЕРЗС (член 7 став 3);

2) целокупниот произведен тутун не го продаде на откупувачот со кој склучил писмен договор за производство и откуп на тутун под условите предвидени со договорот (член 12 став 1);

3) произведува тутун без склучен договор за производство и откуп на тутун со откупувачот на тутун и склучува договор за една производна година и за исто производство со повеќе откупувачи (член 13 став 1 и 2);

4) при транспортот на произведениот суров тутун во лист до просториите од членот 29 на овој закон, не носи договор и писменото известување од член 34 став 4 од овој закон (член 42 став 1) и

5) врши откупување, купување, прекупување, продажба, препродажба, транспорт и складирање на необработен тутун или режан тутун како и неовластено располагање со машини, алати, уреди и опрема кои се користат за изработка на производи од тутун спротивно на одредбите на овој закон (член 44).

Покрај глобата од ставот 1 на овој член за дејствијата од ставот 1 на овој член ќе се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на тутунот.

Член 105

Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:

1) врши процена без лиценца за процена на тутунот (член 37 став 1) и

2) не ја носи идентификационата картичка при вршењето на процената на тутунот за целото време на вршење на откупот на тутунот (член 38 став 4).

Член 106

Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:

1) не го предаде тутунот во денот според известувањето доставено од откупувачот (член 34 став 6);

2) не го остави спорниот тутун во откупниот пункт каде што е извршена процената (член 40 став 4) и

3) ја попречува работата на комисијата за повторна процена на тутун (член 40 став 14).

Член 107

Глоба на правно лице во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 3.500 до 7.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) не ја пријави секоја промена на името, адресата, седиштето или дејноста (член 51 став 3);

2) не поднесе барање до Министерството за економија за запишување во Регистарот за марки на производи од тутун и сродни производи (член 51 став 4);

3) не води евиденција за производството, извозот, увозот и залихите на производи од тутун и сродни производи (член 52 став 1);

4) текстовите на предупредувањата од членот 71 став 2 и од членот 72 став 1 на овој закон не се втиснати на начин определен во членот 73 на овој закон;

5) пушта во промет цигари што на пакувањето не содржат податоци за содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во милиграми по цигара (член 76 став 1);

6) врши продажба на одделни цигари и/или други производи од тутун надвор од оригиналното пакување на производителот, со исклучок на пурите (член 77).

Покрај глобата за прекршоци од ставот 1 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка производи од тутун, несогорлив тутун, електронски цигари, растителни цигари, предмети, средства и производи што се употребени за извршување на прекршокот.

За прекршокот од ставот 1 на овој член освен глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години, од денот на правосилноста на одлуката.

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 108

Глоба на правно лице во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 3.500 до 7.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) пушти во промет електронски цигари и/или контејнери за еднократно или повеќекратно полнење без претходно да поднесе барање за пуштање во промет до надлежната организациона единица при Министерството за здравство (член 58 став 1);

2) не поднесе барање во писмена форма најмалку три месеци пред планираното пуштање во промет на уредот (член 58 став 2);

3) пушта во промет течности наменети за електронски цигари спротивно на член 59 став 1 и став 2 од овој закон;

4) пушта во промет електронски цигари и/или контејнери за еднократно или повеќекратно полнење без да е запишан во интегралниот регистар што го води надлежната организациона единица при Министерството за здравство (член 60 став 8);

5) не превзема навремени мерки согласно член 60 став 1 и став 2 на овој член закон;

6) пушта во промет електронски цигари и контејнери за еднократно и повеќекратно полнење кои не се отпорни на оштетување од деца, можат да се фалсификуваат, не се заштитени од кршење и протекување и немаат механизам кој обезбедува полнење без протекување (член 61);

7) во корисничкото пакување на електронските цигари и/или контејнерите за повеќекратно полнење става упатство кое не содржи информации согласно член 62 став 1 од овој закон;

8) секое пакување на контејнерите за еднократно или повеќекратно полнење не го обезбеди со информации согласно член 62 став 2 од овој закон;

9) на корисничкото пакување и на секое надворешно пакување на електронските цигари и на контејнерите за повеќекратно полнење не става здравствено предупредување во согласност со член 73 став 10 од овој закон (член 63 став 1 и 2) и

10) текстот на предупредувањето е втиснат и на налепница која може да се отстрани (член 63 став 4).

Покрај глобата за прекршоци од ставот 1 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка производи од тутун, електронски цигари, предмети, средства и производи што се употребени за извршување на прекршокот.

За прекршокот од ставот 1 на овој член освен глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години, од денот на правосилноста на одлуката.

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 109

За прекршоците утврдени во член 99 ставови 1 и 3, член 100 ставови 1 и 3, член 102, член 107 и член 108 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

За прекршоците од член 99 ставови 4 и 5, член 100 став 4, член 103, член 104, член 105 и член 106 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочна комисија формирана согласно со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

За прекршоците од член 105 став 1 точка 2 и член 106 од овој закон може да се изрече и опомена за сторен прекршок.

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоци утврдени во став 2 од овој член се врши постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

За прекршоците утврдени во став 2 од овој член, земјоделскиот инспектор на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоци, при што составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише, а примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими прекршочниот платен налог.

Изјавата од ставот 6 на овој член се забележува во записникот.

Инспекторот е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за нивниот исход.

Во евиденцијата од ставот 8 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 9 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Против одлуката на прекршочната комисија од став 1 на овој член може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка.

За прекршоците утврдени во членот 101 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 110

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

## XXI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 111

Правните лица (откупувачи на тутун, извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи) и највисоката асоцијација на тутунопроизводители од овој закон, се должни да го усогласат своето работење согласно одредбите на овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Проценителите на тутун кои се здобиле со лиценца за процена на тутун до денот на влегувањето во сила на овој закон, се должни да се пријават во овластената институција од член 48 на овој закон за посета на обука во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Откупувачите на тутун што се регистрирани во регистарот на откупувачи на тутун во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до денот на влегувањето во сила на овој закон нема да подлежат на повторно регистрирање согласно член 27 од овој закон.

Производителите, извозниците и увозниците на тутунски производи регистрирани во регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи во Министерството за економија до денот на влегувањето во сила на овој закон нема да подлежат на повторно регистрирање согласно член 49 и член 50 од овој закон.

Производите од тутун што се регистрирани во регистарот на марки на тутунски производи во Министерството за економија до денот на влегувањето во сила на овој закон нема да подлежат на повторно регистрирање согласно член 51 од овој закон.

Производите од тутун и сродните производи кои се пуштени во промет во малопродажба и не содржат информации во согласност со членовите 56, 57, 62, 64, 64, 71 и 72 од овој закон, по влегувањето во сила на овој закон ќе останат во промет до исцрпување на количините.

Член 112

Производителите на цигари и тутун за рачно виткање на цигари треба да го усогласат своето работење согласно член 67 став 2 и став 3 во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Увозниците на цигари и тутун за рачно виткање на цигари треба да го усогласат своето работење согласно член 67 став 2 и став 3 во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Единечните пакувања на цигари и тутун за рачно виткање на цигари кои се пуштени во промет во малопродажба до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе останат во промет до исцрпување на количините, а најдоцна во рок од една година по истекот на рокот утврден во ставот 1 и ставот 2 на овој член.

Член 113

Одредбите од член 5 од овој закон кои се однесуваат на поимите дефинирани во точки 17 и 18 од член 3 од овој закон за несогорлив тутун и електронска цигара ќе бидат употребени за определување на надоместок согласно Законот за акцизите од 1 јули 2019 година.

Член 114

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од осум месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот 1 на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 115

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за тутун и тутунски производи ("Службен весник на Република Македонија" број 24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16) и одредбите од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/98 и 13/99) кои се однесуваат на промет на необработен, обработен тутун, тутунски и сродни производи, односно тутун во лист и режан тутун.

Член 116

Одредбите од членот 82 став 2 алинеја в) од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија.

Член 117

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.